# Совет на Унијата

ue.eu.int/de/summ.htm

**Вашата улога како министер на една земја-членка**

**Донесувањето одлуки во Европската унија** е поделено меѓу заедничките европски институции (Европски парламент и Европска комисија) и владите на земјите-членки.

Советот на Европската унија се состои од министрите на земјите-членки и дејствува како легислатива (законодавна власт) и егзекутива (извршна власт).

Зависно од применетата постапка на одлучување, Европскиот парламент има повеќе или помалку права на соодлучување. За проширувањето на ЕУ неопходна е согласност од Европскиот парламент.

Затоа Советот на Европската унија во процесот на одлучување не може, а да не го земе предвид Европскиот парламент. Тој секогаш мора да ја има предвид позицијата на Европскиот парламент.

Покрај Европскиот парламент, Советот на Унијата е главниот законодавец во Европската унија. Тој се состои од министри на земјите-членки, при што секоја земја испраќа еден член во Советот. Советот ги реализира своите заседанија еднаш или двапати неделно. Зависно од политичкото поле, Советот има различен состав (на пример совет на министри за животна средина, совет на министри за земјоделие, совет на министри за надворешни работи). По прашања за проширувањето заседава советот на министри за надворешни работи.

**Советот има шест централни задачи:**

1. Тој донесува европски правни прописи, при што во голем број области го прави тоа заедно со Европскиот парламент.
2. Тој се грижи за усогласување на темелите за економската политика во земјите-членки.
3. Тој склучува меѓународни договори помеѓу ЕУ и други држави или меѓународни организации.
4. Заедно со Европскиот парламент тој го одобрува буџетскиот план на ЕУ.
5. Врз основа на општите водичи дефинирани од Европскиот совет, тој ја развива заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ (ГАСП: за детали види во делот „Заедничка надворешна и безбедносна политика").
6. Тој ја координира соработката на националните судови и полициски сили во кривични предмети (види дел „Слобода, безбедност и право").

Во натамошниот дел се навлегува подлабоко во работата на Советот.

## 1. Правни прописи

Голем дел од европските правни прописи се донесуваат заедно од страна на Советот и Парламентот (види дел „Донесување одлуки во ЕУ").

По правило, Советот се активира по предлот на Комисијата. По прифаќање на некој европски правен пропис вообичаено Комисијата е одговорна за неговата исправна примена.

## 2. Координација на политиката на земјите-членки

Земјите на ЕУ се изјаснија за заедничка економска политика, која почива на добро усогласување на нивната национална економска политика. Ваквата координација се врши преку министрите за економија и финансии, кои заедно го формираат советот „Економија и финансии" (ЕЦОФИН).

Други цели се создавањето работни места и подобрување на образовните, здравствените и социјалните системи. Иако секоја земја-членка на ЕУ е надлежна за својата сопствена политика во овие домени, тие можат да се договорат за заеднички цели и да учат од искуствата на другите. Овој процес се нарекува „метод на отворена координација" и се случува во рамките на Советот.

## 3. Склучување меѓународни договори

Секоја година Советот склучува повеќе договори помеѓу Европската унија и трети земји како и меѓународни организации. Тие договори можат да се однесуваат на големи области како трговија, соработка и развој или на специфични теми како што се текстилни производи, рибарство, наука и технологија, сообраќај итн.

Покрај тоа, Советот може да склучува договори помеѓу земји-членки на ЕУ во области како оданочување, корпоративно право или конзуларна заштита. Исто така, предмет на договори може да биде и соработката во доменот на слободите, безбедноста и правото.

## 4. Прифаќање на буџетот на ЕУ

Буџетскиот план на ЕУ се донесува секоја година заеднички од страна на Советот и Европскиот парламент.

## 5. Заедничка надворешна и безбедносна политика

Земјите-членки на ЕУ работата на развивање на една заедничка надворешна и безбедносна политика (ГАСП). Но, одделните влади ја задржуваат контролата на својата надворешна политика, безбедноста и одбраната. Тие не се откажуваат од своите национални права во овие области, така што Парламентот и Европската комисија тука играат само ограничена улога. Сепак, земјите на ЕУ можат силно да профитираат од ова, при што Советот претставува најважен форум, во кој се одвива таа "меѓудржавна соработка".

За да може ЕУ да реагира поефикасно на меѓународни кризи, Европската унија воспостави една „трупа за брзи интервенции". Притоа не станува збор за европска армија. Војниците остануваат дел од националните сили и се наоѓаат под национална команда. Нивната функција е ограничена на хуманитарни задачи и спасувачки ангажмани, мерки за одржување на мирот и други задачи во справувањето со кризи. Така на пример, во 2003 година ЕУ спроведе воена операција во Демократска Република Конго под името „Артемис" и во 2004 година започна со една мерка за одржување на мирот, под името „Алтеа", во Босна и Херцеговина.
Кај такви ангажмани Советот е поддржан од:

- Политичкиот и безбедносно-политичкиот комитет (ПСК),
- Воената комисија на Европската унија (ЕУМЦ) и
- Воениот штаб на Европската унија (ЕУМС), кој се состои од воени експерти што се назначени во секретаријатот на Советот од страна на земјите-членки.

### 6. Слобода, безбедност и право

Граѓаните на ЕУ можат да живеат во секоја земја на ЕУ. Затоа тие мораат да имаат и подеднаков пристап до граѓанското судство во целата Европска унија. Националните судови мора да соработуваат, на пример за да се осигураат дека некоја пресуда за развод или некоја одлука за грижа на деца, од една земја на ЕУ ќе биде признаена во сите други земји-членки.

Слободата на движење на луѓето во ЕУ претставува голема предност за граѓаните, кои им се верни на законите. Но, таа се злоупотребува и од страна на злосторници и терористи, кои дејствуваат интернационално. Сузбивањето на прекуграничниот криминал бара прекугранична соработка на националните судови, полициските сили, царинските службеници и имиграциските власти на сите држави во ЕУ.

Така на пример, тие мора да обезбедат:
- ефикасно обезбедување на надворешните граници на ЕУ;
- размена на информации помеѓу царинските службеници и полицајците за движењата на трговци со дрога или организираниот криминал;
- подеднакво пресудување и третман на апликанти за азил во целата ЕУ, за да се спречи „шопингување на азиланти".

Овие прашања се тематизираат од советот за „судство и внатрешни работи", тоа значи од министрите за судство и внатрешни работи. Целта е воспоставување на еден „простор на слобода, безбедност и право" во границите на ЕУ.

### 7. Задачи на Советот

Согласно договорот за Европската унија (*види извадок од Преамбулата на следната страна*), Советот како институција на Европската унија е должен, во својот фокус да ги има интересите на ЕУ како целина. Но, не е за чудење што министрите на земјите-членки ги оценуваат претстојните теми односно одлуки исто така и од своја национална перспектива. Земјите имаат бројни национални интереси, при што европската интеграција и проширувањето се само две од многуте цели. За прашања во врска со проширувањето на ЕУ во Советот мора да биде донесена <u>едногласна одлука</u>. Тоа значи, дека вие морате да се соочувате со своите колеги сé додека не е

постигната согласност. Тоа значи, Летонија мора да се согласи исто како и Германија.

> (...) ОДЛУЧНИ, процесот на европска интеграција, започнат со основањето на Европските заедници, да го подигнеме на едно ново ниво,
> ПОЧИТУВАЈЌИ го историското значење на надминувањето на делбата на европскиот континент и потребата од создавање цврсти основи за ликот на идната Европа,
> ПОТВРДУВАЈЌИ ја нивната заложба за начелата на слобода, демократија и почитување на човековите права и темелни слободи и правната држава, (...)
> ВО ЖЕЛБАТА за натамошно јакнење на демократијата и ефикасноста во работата на органите, за тие да бидат во состојба подобро да ги исполнуваат задачите што им се пренесени во една единствена институционална рамка, (...)
> ОДЛУЧНИ, да го продолжат процесот на создавање сé потесна унија на народите на Европа, во која одлуките ќе се донесуваат согласно принципот на супсидијарност и што е можно поблизу до граѓаните,
> ВО ПОГЛЕД на следните чекори што треба да бидат направени за да се унапреди европската интеграција,
> ОДЛУЧИЈА да ја основаат Европската унија; (...)

Иако со сигурност постојат разлики по однос на фактичкото влијание на земјите во поглед на бројот на жители и економската моќ, на крајот при гласањата за проширување секој глас се брои исто.

Важно е, во симулацијата да барате и да пронајдете консензус!

Понекогаш може да се случи, министрите да се обидуваат, да спречат некоја одлука, која би можело да има негативни последици за сопствената земја. Не е секогаш едноставно да се донесува неопходно заедничка одлука и истовремено да се сочуваат важните сопствени интереси. Како последица на тоа честопати се создаваaат „разводенети" компромиси.

Ова за Вас, како министер, значи дека Вие секогаш мора да ги имате предвид интересите на Вашата земја, додека трагате по заедничка позиција во Советот на Унијата. Морате да најдете стратегија, за да можете да ги спроведете Вашите позиции, <u>без притоа да го повредите деловникот во Советот или правилата на дипломатијата</u>. Оттаму се препорачува да воспоставувате контакти со други колеги-министри или пратеници од Европскиот парламент, за да ја дознаете нивната позиција и да ги зголемите изгледите за добивање сојузници за своите цели.

За да го постигнете тоа, на располагање Ви стојат неколку средства (зависно од сопствената проценка):

- Да користите особено неформални преговори со други колеги, бидејќи лично можете да убедувате посебно добро.
- Да се обидувате да ги воодушевите претставниците на пресот со аргументи.
- за да ја задржите поддршката од својот народ, да стартувате голема прес-кампања.
- Да се заканувате дека ќе ги блокирате предлозите на другите земји.
- Да барате т.н. „пакет-решенија" (на едно поле правите признанија, за на друго поле да ги протуркате Вашите интереси), бидејќи консензусот е важен во ЕУ!

Имајте предвид: само со заедничка одлука можете да ја унапредите Европа и во свој сопствен интерес!

*<u>Потсетување: каква улога игра Советот во процесот на проширување?</u>*

**Чл. 49 [Прием на нови членки]**

> „Секоја европска држава [...] може да поднесе барање за членство во Унијата. Таа го насочува своето барање на Советот. Советот одлучува едногласно по ислушување на Комисијата и по согласност од Европскиот парламент, кој одлучува со апсолутно мнозинство (заб. на авторот: 50 проценти +1) на своето членство.“

**<u>Ваши задачи како министер/министерка во текот на симулацијата</u>**

1. Изработете ја Вашата позиција со помош на профилот за улоги. На конференцијата за прием имате можност за први неформални контакти.
2. Од Вашите кругови одбирате претседател/претседателка со просто мнозинство, кој/која ги води заседанијата на Советот, а освен тоа определувате и еден записничар односно записничарка. Разјаснувате и донесувате Деловник како на пример времиња за збор, тек, протокол (види М 4.). Вие давате Ваша индивидуална изјава (по три минути).
3. Ги примате барањата на кандидатите за членство и ја ангажирате Комисијата за добивање мислење (види М 6.).
4. Давате соопштение за медиумите.
5. Ги претставувате кандидатите за членство во Советот (види М 8.).
6. Комисијата го презентира своето мислење во Советот. Вие утрдувате заеднички гледишта врз основа на предлозите на Комисијата.
7. И давате налог на Комисијата за водење на преговорите. Претседателот на Советот учествува во преговорите (види М 12.). Вие ги изработувате условите за членство.
8. За договорите за пристапување Советот одлучува едногласно (види М 13.). Земјите-кандидати за пристапување се гости при гласањето.
9. Членките на Советот држат говори на завршната конференција за прием.
10. На свечената конференција по повод приемот (во даден случај) ги потпишувате договорите за пристапување (види М 13.), а потоа стоите на располагање за евентуални интервјуа или ток-шоу.

## Австрија

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Виена (1.606.843 мил. жители) (бројки за 2004) |
| **Државно уредување:** | сојузна република, парламентарна демократија |
| **Површина:** | 83.871 км² |
| **Жители:** | 8,28 мил. |
| | |
| **БДП / жител:** | 39750 УСД |
| **Стапка на раст:** | 3,1% |
| **Стапка на невработеност:** | 5,7% |
| | |
| **Јазици:** | германски, словенечки, хрватски, унгарски |
| **Религии:** | католици 74%, протестанти 5% , муслимани 4% , атеисти 17% и др. |
| **Етнички групи:** | 88,5% Австријци, 10% имигранти (Турци, Босанци и др.), 1,5% домашни малцинства (Словенци, Хрвати, Унгарци) |
| | |
| **Пристапување во ЕЗ/ЕУ:** | 1995 |
| **Претседател:** | Д-р Хајнц Фишер (SPÖ) |
| **Сојузен канцелар:** | Д-р Алфред Гузенбауер (SPÖ) |
| | |
| **Други информации:** | www.austria.gv.at |

www.weltalmanach.de (2009)

Вие сте претставник на Австрија. Кратко по приемот на вкупно 12 нови членки од средна и источна Европа повторно сте конфронтирани со одлуката за барања за нови пристапувања.

**Австрија во ЕУ**

Дури на 1 јануари 1995 година Австрија пристапи во Европската унија. Во меѓувреме оваа земја се разви во активна членка на ЕУ и честопати се профилира како говорник за малите држави на ЕУ.

Продлабочувањето на Европската унија е една цел на австриската политика на ЕУ. За Австрија се важни добрите односи со Германија, но земјата повеќе се идентификува со други „средни земји" на ЕУ (Белгија, Шведска), кои стравуваат за своето влијание во една проширена ЕУ. Австрија води една мошне самоуверена ЕУ-политика, која е многу поврзана со големото влијание на национално-конзервативните партии, кои сакаат да ја заштитат земјата од „преоттуѓување".

Со оглед на политиката на неутралност на Австрија и на зголемените задачи на ЕУ во светот, австриската безбедносна и надворешна политика западна во конфликтна зона меѓу неутралност и меѓународна воена одговорност. На полето на заедничката надворешна и безбедносна политика, Австрија ја претпочита соработката меѓу владите и е против предавање преголем суверенитет на „Брисел". Притоа Австрија постојано стравува од доминацијата на големите држави во ЕУ, Германија и Франција.

Симбол за самоуверената политика на Австрија на европско тло е задржувањето на принципот на испраќање еден комесар од секоја земја на ЕУ во Комисијаа до 2014

година, што беше истуркано под притисок на Австрија. Австрија силно се ангажираше за ваквиот интерес.

**Австрија и следното проширување**

Австрија беше еден од големите профитери на политичките промени во земјите од средна и источна Европа во последната деценија. Австриските фирми се најголемите инвеститори во голем број земји од источна и југоисточна Европа и голем дел од извозот се пласира во овие земји. И безмалку еден век по пропаѓањето на австриската монархија, Австрија профитираше од долгите, сраснати контакти во регионот. Затоа земјата ја поддржа првата рунда на проширување во 2004 година, која особено во економска смисла се одрази позитивно за Австрија. Австриската трговија со земјите од средна и источна Европа континуирано расте. Сомнежи постоеја меѓу народот, исто како и во Германија, поради стравот од зголемување на имиграцијата на работна сила. Преку продолжените преодни рокови на полето на слободното движење се одговори на ваквите стравувања.

Во поглед на идните нови членки на ЕУ, Австрија зазема мошне резервирана позиција. Шефот на австриската влада повеќепати ги изрази своите задршки против полноправно членство на Турција. Во аргументацијата против приемот на Турција се нагласуваат културни разлики и се укажува на можната неспособност за дејствување на ЕУ. Исто така, Австрија стравува од безбедносен дефицит во ЕУ, бидејќи со пристапување на Турција, ЕУ директно би се граничела со Блискиот Исток и нестабилниот Кавкаски регион. Понатаму се наведува недоволната заштита на човековите права во Турција. „Стравот од Турците" на Австријците можеби е историски условен, бидејќи Австрија со векови беше во караница со Османлиското царство за превласт на Балканот. Сепак, Австрија се залага за започнување на преговорите за пристапување во ЕУ со Турција под одредени услови: способноста за прием од страна на ЕУ и финансиската рамноправност на сите земји-членки мора да бидат земени предвид во преговорите како предуслов за пристапувањето на идни земји-членки.

Во поглед на желбата за пристапување на Хрватска, Австрија зазема многу попозитивна позиција. До 1918 година, Австрија беше дел од австро-унгарската монархија. Австрија не е само историски силно поврзана со Хрватска, туку е и економски многу активна таму. Австрија беше директно погодена од последиците од граѓанската војна во поранешна Југославија и затоа се залага за што е можно побрза интеграција на земјата во ЕУ.

Австрија спаѓа во жестоките заговорници за амбициозни стратегии за интеграција за земјите од западен Балкан и југоисточна Европа како што се Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија, Македонија, Албанија, Романија и Бугарија. Австрија активно се залага за консензуално решение на конфликтот во Косово и стои за независноста на Косово под меѓународен надзор.

Република Австрија официјално ја призна независноста на Косово.

Во „спорот за името" меѓу Македонија и Грција, Австрија повеќе се однесува неутрално. Австрија гарантираше дека ќе прифати решение што ќе биде изнајдено заеднички од двете земји. Но, Австрија покажува големо разбирање за Македонија во нејзината желба за водење под нејзиното уставно име, дотолку повеќе што е веќе така признатата од речиси 110 држави на Обединетите нации.

Во внатрешно-државната употреба именувањето во Австрија сè повеќе отстапува од „поранешна југословенска Република Македонија" (ПЈРМ) кон македонското уставно име „Република Македонија". Од 2007 година Австрија во билатералната комуникација со Македонија го користи уставното име.

Вие сметате дека е тешко да се замисли, да не дојде до проширување само поради ова прашање. Официјално не сакате да ги напаѓате Вашите грчки колеги, но и покрај тоа задкулисно дејствувате јасно во насока на изнаоѓање договор. Поддржувајте ги Вашите британски колеги по ова прашање, тие се изјаснуваат далеку поофанзивно во тој поглед.

Во поглед на евентуалните нови барања за пристапување, Австрија жестоко бара интерна дебата во ЕУ за конечните граници на Заедницата. Владата бара дека тие граници мора да бидат јасно дефинирани, за да се стави крај на едно бескрајно континуирано проширување. Во спротивно растечката ЕУ би ги изгубила својот идентитет, способност за дејствување и особено поддршката на своите граѓани и, на крај, би пропаднала од претерано ширење.

**Тактика:**

Вие сте претставник на една самоуверена, мала ЕУ-членка. Обидете се да ги „продадете" Вашите интереси на големите држави во ЕУ, бидејќи во одлучувањето морате да одговорите и на Вашите интереси.
Презентирајте се како адвокат на малите држави на ЕУ, кои имаат интерес од една унија способна за дејствување. Во тој контекст моментално се изјаснувате против полноправно членство на Турција. Турција не само што би ја преоптоварила ЕУ, туку таа во овој момент сè уште не е подготвена, веродостојно да ги исполни сите европски критериуми. Доколку зачленувањето на Турција е воопшто можно, тогаш по Ваше мислење само долгорочно под предуслов, ЕУ дотогаш да биде продлабочена до тој степен што нема да доведе до парализирање на европските институции. Спроведувањето на уставот на ЕУ би бил еден голем чекор во таа насока. Подобра алтернатива за пристапувањето на Турција за вас би бил еден конечен договор, со кој на Турција би и било доделено привилегирано партнерство.
Состојбата е поинаква во поглед на другите држави што имаат волја за пристапување. Особено земјите од Балканот мора да бидат поддржани на нивниот пат кон ЕУ. Овој регион од културни и историски причини припаѓа во ЕУ. Освен тоа, пристапувањето би им ставило крај на нестабилните односи во последните децении и од регионот би направил место на мир и безбедност.
Но, тоа не значи дека се залагате за пристапување без услови. Во поглед на Вашиот национален пазар на труд Вие барате подолги преодни рокови за слободното движење на луѓе. Сакате да спречите преголема конкуренција на незгодниот домашен пазар на труд. Освен тоа, ЕУ во иднина нема да може да си ги дозволи великодушните субвенции на ЕУ за зголемениот број земји, така што структурната помош, тоа значи поддршката за земјоделството и за запоставените региони, ќе бидат и мораат да бидат значително пониски за новите членки.
Масивно залагајте се за тоа, независно од одлуката за одделните барања за пристапување да се води и една општа дебата за способноста за прием и за границите на ЕУ. Ваш силен аргумент тука е расположението на европското население, кое се поставува исклучително скептично кон новите рунди за проширување и кое си посакува повеќе ориентација и јасно зададени географски и содржински цели од страна на ЕУ.

## Белгија (Belge/Belgique)

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Брисел (997.126 жители) (бројки од 2004) |
| **Државно уредување:** | парламентарна монархија, федерална држава со систем од две комори |
| **Површина:** | 32.545 км² |
| **Жители:** | 10,5 милиони |
| **БДП / жител:** | 26.140 американски долари |
| **Стапка на раст:** | 1,2% |
| **Стапка на невработеност:** | 8,2% |
| **Јазици:** | фламански, француски, холандски, германски |
| **Религии:** | католици 80%, протестанти 8%, муслимани 2% |
| **Етнички групи:** | 57,0% Фламанци, 33,0% Валони, 9,3% Бриселчани, 0,7% говорители на германски јазик |
| **Пристапување кон ЕЗ/ЕУ:** | членка-основач |
| **Шеф на државата:** | Крал Алберт II |
| **Премиер:** | Ив Летерм |
| **Други информации:** | www.diplomatie.be |

www.weltalmanach.de (2008)

Вие сте претставникот на Белгија. Кратко по приемот на вкупно дванаесет нови членки од средна и источна Европа повторно сте конфронтирани со одлуката за новите барања за пристапување.

**Белгија во ЕУ**

Белгија е една од шесте членки-основачи на Европската економска заедница и уште од самиот почеток и придаде висок приоритет на изградбата на една единствена Европа. Токму како средно голема земја, Белгија смета дека нејзините елементарни интереси и меѓународно влијание се најдобро обезбедени во една силна, супранационално организирана Унија. Ваквото согледување во текот на историјата на обединувањето постојано се изразуваше преку еден исклучително конструктивен и интегративен став на оваа земја при различните европски реформски чекори (Мастрихт, Амстердам, Ница). Кај сите овие реформски напори, а особено во уставниот конвент и владината конференција што следеше, белгиските влади од последните години јасно се заложија за јакнењето на интегративните механизми во ЕУ. Белгија во тоа гледа и заштита против едно премногу силно влијание на големите земји-членки на ЕУ и предуслов за тоа дека една Европа со повеќе од 27 земји-членки може да остане трајно функционална.

Додека белгиските влади продолжуваат по овој европски курс, белгискиот народ во последните години минуваше низ едно интензивно внатрешно соочување по однос на идното обликување на Европската унија. Од изборите за белгискиот и Европскиот парламент, приврзаниците на радикалната групација (Флаамс Блок), кој се изјасни за јакнење на регионите и внатре, во Белгија и под знак прашање ги стави досегашните успеси на процесот на европското обединување, извлече повеќе од десет проценти од гласовите на избирачите. Покрај оваа радикална група во

Фландрија и нејзиниот, политички понезначаен, пандан во Валонија (Фронт Национал), другите белгиски партии се приврзаници на процесот на европското обединување. Исто така и белгиската влада се залага за продолжување на европската интеграција и во тој контекст на проширувањето.

И покрај сé, за белгиската позиција одлучувачко е јакнењето на надлежностите на Европската унија. Така, конечно треба да се трасира патот за една заедничка надворешна политика, која овозможува автономна европска одбрана, како и создавањето на една заедничка правна и миграциска политика. Потребно е да се засили вклучувањето на Унијата во областите на заштитата на животната средина, социјалните работи и даноците како и изедначувањето на економските политики со цел за поддршка на економската и монетарната унија. Токму во сферата на социјалната политика Белгија предупредува на значителна потреба од дејствување. Во заедничката социјална политика мора да биде постигнато изедначување, кое ќе овозможи и обезбеди една модерна и социјална држава, како во старите така и во новите, земји-членки.

**Белгија и следното проширување**

Белгија активно го поддржуваше последното проширување за дванаесет нови земји-членки, а и сега ги нагласува предностите од повторната рунда на проширување за сите, во која треба да биде вклучена и Турција. Во продолжувањето на проширувањето оваа земја гледа обележје на успех на европскиот модел на една политичка унија, која се заснова на заеднички темел на вредности и кој на своите граѓани им носи слобода, демократија и благосостојба. Привлечната сила на оваа идеја и фактот што ЕУ секогаш се подразбирала како една отворена заедница, според Белгија придонесуваат кон втемелување на мирот, стабилноста и евроспките вредности на целиот континент. Во оваа смисла, белгиската влада поддржува една перспектива на пристапување за земјите од Балканот, со која треба да се обезбеди стабилноста во целиот регион, исто како и за Турција, чии енормни реформски чекори во насока на Европа не смеат да бидат оставени ненаградени. Покрај тоа, ЕУ сака да ја подразбира ЕУ како заедница заснована на вредности и интеркултурна заедница, а не како затворен христијански круг. За посакуваниот дијалот помеѓу културите и за безбедносно-политичката стабилизација неизбежно е членството на Турција. Сепак, реформските напори во земјата следствено мораат да бидат туркани напред.

Исто така, од гледна точка на Белгија земјите од Балканот се предодредени за пристапување кон европските и атланските институции.

Процесот на стабилизација и асоцијација, кој започна во 2001 година при првиот самит помеѓу ЕУ и Балканот, ги создаде политичките, правните и финансиските инструменти, коишто ги поддржуваат земјите од Балканот во нивните европски интеграциски напори. Секоја од овие земји во своето приближување кон ЕУ чекори напред според својот избран ритам и заслуги.

Напредокот на земјите од Балканот во сферата на политичките и економските реформи, постигнати од 2001 година па наваму, се значителни. Сепак, ваквиот напредок е сé уште „кршлив", доколку се набљудува актуелната конфликтна состојба во регионот. Затоа за Белгија е многу важно, процесот на стабилизација и асоцијација да се „опреми" со услови од неповратен карактер.

Овие услови бараат од регионот почитување на основните документи за стабилност (рамковниот договор од Дејтон/Париз, резолуција 1244 на Советот за безбедност, рамковниот договор од Охрид и договорот од Белград), проширувањето на регионалната соработка, враќањето на прогонетите лица за време на војната и целосна соработка со Меѓународниот суд на правдата за поранешна Југославија.

Белгискиот придонес кон процесот на стабилизација и асоцијација е важен и разнообразен. Белгија ги финансира активностите на меѓународните организации, кои се присутни во владата, а исто така и спроведувањето на различни проекти на терен. Белгискиот придонес се состои и од испраќање на квалификуван персонал (трупи, полицајци и експерти од различни области). Конечно, овој придонес содржи и изработка на мислења.

Својот пријателски насочен курс по однос на проширувањето Белгија го поврзува со јасни барања до сите земји што имаат волја за пристапување: само по јасно и недвосмислено исполнување на копенхашките критериуми и, во случајот на Балканот, на барањата од спогодбите за стабилизација и асоцијација може да дојде до пристапување. Проширувањето не смее да да ги доведе во прашање ниту пак да ги заслаби придобивките на ЕУ во различните политички полиња. Затоа, сите земји-кандидати мораат да го преземат *acquis communautaire*. Проширувањето мора да ја зголеми добросостојбата и безбедноста во Европа. Затоа новите земји-членки во секој случај мораа да се прилагодат на сегашната состојба на ЕУ.

Најзначајно за Белгија е што посакуваното проширување истовремено не треба да го спречува саканото федерално продлабочување. Како што е веќе прикажано, Белгија би сакала една функционална и супранационална Унија. Затоа пред проширувањето земјата бара јакнење на супранационалните институции, како што се Комисијата и Европскиот парламент, како и поефикасно одлучување.

**Тактика:**

Како средно голема земја, вие сте зависни од една функционална Европа. Значи, доколку дојде до проширување, мора да се обезбеди натамошно односно подобро функционирање на институциите. Вие му давате голема вредност на тоа малите земји да не бидат недоволно репрезентирани. Обидете се, вашата подготвеност за интеграција да ја употребите како материјал во преговорите, за на тој начин да постигнете јакнење на вашата позиција во ЕУ и надградба на можностите за супранационално дејствување. Бидејќи се ангажирате за рамнотежа на европските институции и јакнење на Парламентот, не срамете се да дискутирате со парламентарците и да внесувате ваши идеи.
Доколку вашето посакувано продлабочување е обезбедено, јасно поддржувајте ги барањата за пристапување на сите земји. Како општо важечки предности од новата рунда на проширување можете да ги наведете следните точки: растечката меѓународна тежина на ЕУ во глобалната политика, зголемувањето на квалитетот на живеење и благосостојбата во цела Европа, економските предности од еден поголем внатрешен пазар за сите инволвирани страни, проширувањето на просторот за слобода, безбедност и право, а со тоа и внатрешната безбедност. Сериозно ги сфаќате стравувањата на народот во поглед на евтината работна конкуренција од потенцијалните нови земји-членки, а заедно со тоа и опасноста за домашните работни места. Аргументирајте со искуството од претходните проширувања, каде ваквите стравувања се прикажаа како неосновани.

На потенцијалните нови земји-членки им поставувате конкретни барања: тие мораат да ги исполнат поставените критериуми и да се прилагодат на сегашниот стандард на ЕУ. Бидејќи при проширувањето не треба да дојде до намалување на досегашната политика на Заедницата, мора да бидат договорени специфични преодни мерки. Претстојните преговори со кандидатите за пристапување треба да се водат поединечно. Преодните договори (на пример за реформите во аграрната политика и структурната политика) потребно е да бидат временски ограничени и, зависно од реформските успеси на одделните земји за пристапување, во даден момент целосно да отпаднат.

# Бугарија [Bălgarija]

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Софија (1,1 мил. жители, 2003) (следните бројки од 2004) |
| **Државно уредување:** | Република со парламентарна форма на владеење |
| **Површина:** | 111 000 км² |
| **Жители:** | 7,693 мил. |
| **БДП / жител:** | 3990 евра |
| **Стапка на раст:** | 6,1% |
| **Стапка на невработеност:** | 6.9% |
| **Јазици:** | Бугарски |
| **Религии:** | бугарско-православна 6,8 мил., муслимани 790 000, католици 50 000, протестанти 20 000, евреи 5000 |
| **Етнички групи:** | 85% етнички Бугари, 10% етнички Турци, 3,4% етнички Роми, 1,6% етнички Руси, Ерменци и др. |
| **Претседател:** | Георги Прванов |
| **Премиер:** | Сергеј Станишев |

www.weltalmanach.de (2009)

Вие сте претставник на Бугарија. Кратко по Вашето пристапување сте конфронтирани со преговорите за нови држави што имаат волја за пристапување.

**Историјатот на процесот на реформи од 1989 година**

Пресвртот што одмина мирно, а беше реализиран во ноември 1989 во средна и источна Европа, и за Бугарија претставуваше одлучувачка пресвртница во историјата на оваа држава. На 10.11.1989 година претседателот на бугарскиот државен совет и на комунистичката партија, Тодор Живков, беше соборен и започна процесот на демократизација. Бугарската комунистичка партија беше принудена да го толерира основањето на опозициските партии и да дозволи слободни избори. Во 1991 година бугарскиот парламент донесе нов устав, во кој се гарантираа повеќепартискиот систем, слободи и општи избори и човекови и граѓански права.

**Политичкиот систем и состојбата со човековите права**

Од овој пресврт Бугарија е парламентарна демократија со едностепен систем. Претседателот е шеф на државата и директно се избира од народот. Освен тоа, Бугарија се разви во правна држава со поделба на власта. И покрај реализираните реформи, бугарскиот судски систем има значителни слабости. Освен тоа, релативно високиот степен на корупција сѐ уште претставува голем проблем, иако нејзиното сузбивање во меѓувреме има политички приоритет.

Бугарското општество не познава изразени етнички конфликти. И двете големи религиозни заедници, православната црква и исламот, имаат меѓусебен однос на толеранција. Но, ромското малцинство е сѐ уште недоволно интегрирано во општеството. Мнозинството од Ромите живеат во тешки економско-социјални услови. Со новата акциона програма за рамноправна интеграција на Ромите во бугарското

општество, интеграцијата на малцинството во меѓувреме покажува напредок. Оваа програма ги опфаќа областите: воспитување, култура, домување, вработување и социјална заштита. Сепак, ЕУ гледа и понатаму потреба од дејствување.

## Економски и социјален развој

Бугарија во меѓувреме располага со функционална пазарна економија. Ваквиот развој е дотолку за поголемо воодушевување, имајќи го предвид фактот дека бугарската економија буквално беше во бездна во „зимата на гладот" во 1996/1997 година.

Зголемената приватизација, намалувањето на државните субвенции и консолидацијата на државните финансии значително придонесоа кон овој успех.
Со оглед на успесите во доменот на економската трансформација и на постигнатата стабилност, Бугарија се разви во една интересна економска локација за странски инвестиции. Кон ова се придодава и едноставниот и атрактивен даночен систем, кој привлекува голем број инвеститори.

Но, процесот на трансформација со себе донесе и значителен социјален товар за населението. Населението полека профитира од економскиот пораст, но просечното примање и понатаму се наоѓа на помалку од 25 проценти од просекот на ЕУ, а еден милион Бугари се целосно исклучени од економскиот пораст. Ваквата состојба во иднина би можела да развие неколку социјални „експлозии". Во областа на енергетиката, зависноста на Бугарија од атомската енергија, која претставува повеќе од 40 проценти од производството на струја во земјата, сé уште претставува голем проблем.

Во областа на животната средина земјата сé уште укажува на значителна потреба од доработување. Поддршката, пред сé, на тешката индустрија, енергетскиот сектор и рударството како и употребата на застарени технологии донекаде предизвикаа значителни загадувања на воздухот, почвата и водата. Иако со пресвртот започна процес на повторно обмислување (основање на Министерството за животна средина во 1990, утврдување на заштитата на животната средина како државна цел во 1991) и оптоварувањето на животната средина постојано беше намалувано, Бугарија сé уште не може да се држи со сите стандарди на ЕУ.

Економијата добро се развиваше од моментот на пристапувањето. Според проценки на Европската унија, инвестициите се зголемени за 400 милиони евра. Куповната моќ на населението се зголемува, додека државниот буџет, кој своевремено беше пред банкрот, располага со суфицит.

Сепак, од позитивниот економски развој профитираат само одредени социјални групи, како што се луѓето од градовите, помладите и добро образованите. Старите луѓе и населението во руралните предели и понатаму живеат во сиромаштија. Безизлезната социјална положба на голем број луѓе е причина за радикализацијата и криминализацијата на бугарското општество. Така на пример преку 10.000 бугарски жени годишно се жртви на организирани трговци со жени – и тоа се само официналните бројки, „темната" цифра веројатно е повисока.

Кога Бугарија пристапи во ЕУ, сé уште целосно не ги исполнуваше копенхашките критериуми – правна држава и чување на човековите права. Како последна мерка во договорот за пристапување предвидена е следната мерка: доколку изостанат

реформите во проблемските области, се заканува кратење на субвенциите и непризнавање на судските пресуди. На ова укажа ЕУ-комисијата во својот прв меѓуизвештај за развојот на Бугарија од 27 јуни, 2007. Исто така и Транспаренси интернешнел критикуваше, дека во сузбивањето на корупцијата изостанува саканиот напредок на Бугарија. За периодот 2007-2009 беа предвидени нови средства на ЕУ во вкупна висина од 4,5 милијарди евра. Но, масивната помош за изградба како и приемот на Бугарија и Романија во ЕУ е во интерес и на Унијата, бидејќи таквиот чекор среднорочно би можел да донесе позитивно влијание на целиот Балкан.

Во моментот средствата за 2008 година од страна на Европската комисија се блокирани – што се прави досега по првпат. Со оваа невообичаена мерка Европската комисија реагираше на пропустите на Бугарија во сузбивањето на корупцијата и на организираниот криминалитет. На тој начин Бугарија ја изигрува довербата, која ЕУ и ја даде на оваа земја со пристапувањето во 2007 година. Стратегијата за приближување на ЕУ од 1994 година и подари на Бугарија преку 6 милијарди евра структурна и кохезиска помош; еден дел од овие пари, кој не е за потценување, исчезна во темни канали.

И покрај пристапувањето, Комисијата ќе продолжи со годишните извештаи за напредокот и со мониторинг-извештаите и во следните три години. На тој начин ќе се имаат под лупа потврдените и, досега слабите, трансформациски напори.

И во европските медиуми членството на Бугарија во ЕУ беше сосем критички балансирано. Така на пример австрискиот печат пишуваше: „Најголем дел од политичките актери се подготвени, тајно да признаат дека пристапувањето на Бугарија и Романија пред една година беше грешка. Фактите го потврдуваат тоа. Овие држави во тоа време не беа ниту политички ниту економски зрели за ЕУ, а оттогаш, без да се има мотивот од пристапувањето, тие попуштија уште повеќе."

Исто така и внатре, во Бугарија се гледа, дека најголемиот напредок беше направен во годините на приближување кон ЕУ и непосредно пред пристапувањето. Од приемот во ЕУ имаше мал број конкретни напори за постигнување на европските стандарди, иако министерот за внатрешни работи, Румен Петков, тврдеше дека бројот на нарачани убиства бил намален, криминалните групи биле уништени и корумпираните службеници отпуштени.

Бугарите го чувствуваат реалниот криминалитет во секојдневието, кон што се придодаваат спектакуларни корупциски скандали како што беше случајот со министерот за економија и енергија, Румен Овчаров. Не може да стане збор за доверба на бугарското општество во полицијата и судството. Според првото тромесечие од зачленувањето во ЕУ беше јасно: структурните промени, кои всушност треба да одат и преку исполнувањето на барањата на ЕУ, не се во тек, бидејќи јасната поделба на егзекутивата, легислативата и јудикативата, која би била неопходна за ваквите промени, или не била во интерес на донесувачите на одлуки во Бугарија или тие не можеле да ја спроведат.

**Надворешно-политички цели**

Надворешно-политички Бугарија во последно време презеде значајни чекори за интензивирање на регионалната соработка. Во конфликтот во Косово бугарската влада уште од самиот почеток јасно заведе прозападен став. Бугарија ги поддржа

авионските напади на НАТО против Југославија и издаде дозволи за прелет за авиони на НАТО. Со пристапувањето во НАТО во март 2004 година Бугарија ја постигна првата голема надворешно-политичка цел. Бугарија, исто како и вкупно 21 од другите земји-членки на Европската унија, во 2008 година ја призна независноста на Косово, со што понатаму ги оштети ионака не баш добрите односи со Србија.

Но и во сопствениот регион, југоисточна Европа, Бугарија се заложува за мирно соседско порамнување на интересите и подобрена економска соработка во сите области. Низ Бугарија водат важни транзитни патишта (сообраќај, енергетски компании). Земјата води активна надворешна политика и се подразбира како темел на стабилност во регионот. Од 2002 до 2003 година таа беше „непостојана членка" во Советот за безбедност на Обединетите нации. Во 2004 година Бугарија претседаваше во Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) и учествува во меѓународни мировни мисии во Косово, Босна и Херцеговина, Авганистан и Етиопија/Еритреја. Од август 2003 година еден бугарски контингент со 450 војници беше стациониран во Ирак како дел од т.н. „коалиција на волните". Зголемената меѓународна активност на земјата генерално се смета за знак за етаблирањето на Бугарија во меѓународниот систем и, следствено, преземањето одговорност.

На 1 јануари, 2007 година Република Бугарија стана членка на Европската унија. Ова членство е резултат на еден развој што започна на почетокот од 90-тите години: во рамките на т.н. процес на асоцијација во 1993 беше започнат политички дијалог – одбележан со една заедничка Комисија помеѓу Бугарија и ЕУ. Во 1995 година владата и парламентот на Бугарија одлучија да достават барање за пристапување. Но, бидејќи до средината на 90-тите години бугарскиот економски и финансиски систем западнаа во тешки кризи, во тој период се форсираше пристапување во НАТО, на што се гледаше како отскочна даска. На 25 април, 2005 година конечно беше потпишан Договорот за пристапување помеѓу Бугарија т.е. Романија и ЕУ. Веќе на 29 март, 2004 година Бугарија и шест други држави беа примени во НАТО.

Во „спорот за името" меѓу Македонија и Грција, Бугарија цврсто стои на страната на Македонија. Бугарија ја призна Македонија како прва држава под нејзиното уставно име „Република Македонија" и ги одби сите барања на Грција за избор на друго име.

Од јануари 2007 година Бугарката Меглена Кунева се наоѓа на позицијата ЕУ-комесар за заштита на потрошувачите во Комисијата на Баросо. На тој начин таа презеде еден дел од портфолиото од комесарот за здравство, Маркос Кирпијаноу (Кипар).

**Тактика:**

Како делегат нагласете дека Бугарија се чувствува силно поврзана кон европската заедница на вредности (правна држава, демократија, плурализам, слободна пазарна економија и човекови права). Укажете на големата поддршка на населението за натамошната интеграција на земјите од Балканот во ЕУ. Подвлечете ги долгогодишните длабоки односи на Вашата земја со Балканот и потенцирајте дека државите од југоисточна Европа не смеат да бидат исклучени од политичката унија.
Од безбедносно-политичка перспектива укажете на позитивните вибрации што ги има една стабилна Бугарија во подем за балканскиот регион, кој е растресен од војни. Укажете исто така и на тоа, дека Вашата земја вложува напори да ги спроведе сите неопходни реформи, за што можеби ќе Ви биде потребно повеќе време од планираното.

Секогаш мислете на тоа дека Ваша прва цел е приемот на Македонија во ЕУ и тоа што е можно побргу! Проширувањето на Европската унија не смее понатаму да ја исклучи југоисточна Европа! Врз основа на историската блискост и културните сличности Вие гледате особена одговорност, па и кога Македонија со Вашето дејствување би можела да се чувствува „присвоена‟ и како под „старател‟.
Укажете на енормните економски недостатоци, коишто Бугарија ги здоби од војната во Косово и нагласете ја безусловната поддршка, која бугарската влада му ја даде на Западот за време на кризата.
Вашата земја од економски причини е заинтересирана за брзо и одржливо „опуштање‟ на Балканот. Нагласете ја подготвеноста на Бугарија за преземање стабилизирачка улога за југоисточна Европа во рамките на Пактот за стабилност за обновата на Балканот и во иднина. Но, исто така, ставете и јасно до знаење, дека мерката за ултимативна стабилизација е приемот на земјите од Балканот во ЕУ.
По однос на Турција нагласете ги добрите односи што ги негуваат Вашите христијански и муслимански делови од населението. Ова можете да го наведете како пример за добар соживот и со Турција. Но, кон турската делегација опстојувате на темелно и одржливо спроведување на реформите.

## Република Чешка [ Česká Republika]

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Прага (1,3 мил. жители) (сите бројки за 2004) |
| **Државно уредување:** | парламентарна демократија |
| **Површина:** | 78.884 км² |
| **Жители:** | 10,3 мил. |
| | |
| **БДП според паритет на куповна моќ / жител:** | 11.220 американски долари |
| **Стапка на раст:** | 6,1% |
| **Стапка на невработеност:** | 7,1% (2003) |
| | |
| **Јазици:** | чешки |
| **Етнички групи:** | 90,1% Чеси, 3,7% Моравци и Шлези, 1,8% Словаци, 0,5% Полјаци, 0,4% Германци, 3,5% други |
| **Религии:** | римо-католици 39%, евангелисти 2,5%, чешко-хуситски 1,7%, православни 0,2%, грко-католици 0,07% |
| | |
| **Пристапување во ЕЗ/ЕУ:** | 1 мај 2004 |
| | |
| **Шеф на држава:** | Вацлав Клаус |
| **Премиер:** | Мирек Тополанек |
| | |
| **Други информации:** | www.mzv.cz |

www.weltalmanach.de (2008)

Вие сте претставник на Република Чешка во Советот на Европската унија. Вашата земја од 1 мај 2004 година е членка на ЕУ и во оваа функција е конфронтирана со одлуката за повторно проширување на Унијата.

### Република Чешка во ЕУ

Република Чешка (некогашна Чехословачка) отсекогаш одела по свој пат („Прашка пролет" 1968 година). Таа уште во 80-ите години се ослободи од авторитарниот, социјалистички систем. Во 1989 година се одржа „Кадифената револуција", која го донесе писателот Вацлав Хавел на позицијата претседател. Од 1989 година се развиваше една политичка демократија. Чесите пронајдоа мирен премин од социјалистичкиот еднопартиски систем во плуралистички повеќепартиски систем. Основите на државата – демократија, правна држава и плурализам се цврсто втемелени. Исто така и уставните органи работат беспрекорно.

Територијата на Република Чешка историски е една од економски и индустриски најсилно развиените региони во Европа. Како единствена земја од средна Европа, која до 1938 година била демократија, тогашната Чехословачка пред Втората светска војна припаѓаше на десетте најсилно развиени индустриски земји во светот.

Иако Република Чешка во меѓународно-правна смисла претставува една мошне млада европска земја, таа чувствува обврски кон европското завештание од својата поранешна државна структура и постојано укажува на вековната традиција на мултикултурно насочено чешко општество во центарот на Европа. Од историски

(„враќање во Европа") и политички причини, приемот на Република Чешка во ЕУ имаше високо значење во чешката надворешна политика, а конечното пристапување во мај 2004 година беше оценето како голем успех. За Република Чешка, европското обединување со себе донесе и подобрување на односите кон земјите-соседи, пред сé Германија и Полска, а од пред неколку години и соработката со Словачка повторно стекна висок приоритет.

Во најблиското минато, пак, „европската еуфорија" беше малку пригушена со јакнењето на евро-скептичките сили во земјата. Следствено позитивниот одговор „да" на Чесите на референдумот за пристапувањето кон Европската унија не излезе така јасен како што постоеше надеж.

На содржинско ниво Чешка особено се ангажира во областа на надворешната и безбедносната политика и се залага за силно евро-атланско партнерство. Исто така се фаворизира и интензивирањето на европската соработка на полето на судството и внатрешните работи, особено по прашањата за бегалците и борбата против дрогата.

**Република Чешка и следната рунда на проширување**

И покрај наведената и проникната скепса, луѓето во Чешка се свесни за исклучително позитивниот развој на реформите со пристапување во ЕУ и владата е заинтересирана да ги проследи овие искуства на кандидатите за пристапување што се сé уште надвор.

Принципиелно Чешка и на билатерално ниво е насочена кон интензивирање на своите односи со „земјите-соседи" од средна и источна Европа. И покрај конкретната поддршка на определени кандидати за пристапување, Чешка и понатаму се залага за активна европска политика на соседство за земјите, кои во догледно време немаат перспектива за пристапување.

Чешка во последно време ги интензивираше своите односи со Балканот. По завршувањето на Балканската војна, Чешката република ја искористи добрата појдовна позиција за повторно започнување на интензивните трговски односи со регионот на Балканот. И на политичко и на безбедносно-политичко ниво оваа земја е вклучена во мултилатерални иницијативи како Пактот за стабилност за југоисточна Европа и СФОР-трупите (до 2001 година). Поддршката на регионот е од приоритетен интерес на чешката надворешна политика, но не може да стане збор за конкретни перспективи за пристапување кон ЕУ.

Во поглед на признавањето на Косово чешката влада беше повеќе повлечена. Чешка сметаше дека е итно неопходно, државите во Европската унија заеднички да одлучат, како да се напредува по ова прашање, укажувајќи дека е потребно да се внимава на чувањето на Резолуцијата 1244 на ОН.

Чешката влада добро ја разбира позицијата на Србија за почитување на Резолуцијата 1244 на ОН, иако Европската унија во целина поддржува независно Косово.

Сепак, за Чешка е важно Србија да не зависи од развојот по ова прашање. Дотолку повеќе Србија би требало исто така да биде вклучена во дијалогот и, доколку српската влада го сака тоа, да се промовира пристапувањето во ЕУ.

**Тактика:**

Како претставник на чешката влада генерално се изјаснувате за продолжување на европското проширување. Сепак, подвлекувате дека опцијата за пристапување треба да им биде отворена само на оние земји што недвосмислено ги исполнуваат копенхашките критериуми.

Вашиот ангажман за стабилизација на односите на западниот Балкан го продолжувате со истото темпо. Сепак, избегнувате да именувате каква било конкретна перспектива за пристапување. Во случајот на Хрватска, во Вашите очи најнапреднатата земја од регионот, ја поддржувате интеграцијата во европските структури. Зависно од развојот на двете страни, тоа може да се случи со или без добивање полноправно членство.

Слична е Вашата позиција по однос на барањето за пристапување на Турција. Доколку се исполнети сите критериуми, не се испречувате на патот за започнување на преговорите за пристапување. Сепак, фактичко пристапување на земјата во ЕУ можете да си замислите само во подалечна иднина, на крајот од еден долг процес на прилагодување.

По независноста на Косово апсолутно сакате да негувате добар контакт со Србија и се обидувате да и овозможите на српската држава пристапување кон Европската унија.

## Германија

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Берлин (3 404 000 жители) (бројки од 2004) |
| **Државно уредување:** | република, сојузна држава |
| **Површина:** | 357 000 км² |
| **Жители:** | 82 375 000 |
| | |
| **БДП според паритет на куповна моќ / жител:** | 36.800 американски долари |
| **Стапка на раст :** | 2,8% |
| **Стапка на невработеност:** | 7,6% |
| | |
| **Јазици:** | германски, дански, (затер) фризиски, сорбиски |
| **Религии:** | католици 34%, протестанти 34%, муслимани 3,7%, други и без религиозна определба 28,3% |
| **Етнички групи:** | 91,5% Германци, 2,4% Турци, 6,1% други |
| **Пристапување во ЕЗ/ЕУ:** | членка-основач |
| | |
| **Шеф на државата:** | Хорст Келер |
| **Премиер:** | д-р Ангела Меркел |
| | |
| **Други информации:** | www.bundeskanzleramt.de |

www.weltalmanach.de (2009)

Вие сте претставник на Германија во Советот на Европската унија. Кратко по приемот на вкупно дванаесет нови земји-членки повторно сте конфронтирани со одлуката за нови барања за пристапување во ЕУ.

**Германија во ЕУ**

Германија е една од шесте членки-основачи на Европската економска заедница и уште од самите почетоци на европското обединување одигра значителна интеграциски-ориентирана политика. Обединета Европа постојановажи за елементарен германски интерес, додека соработката со Франција во рамките на „германско-францускиот мотор" имаше прв приоритет.

Актуелната влада во значителна мера продолжува со ваквата политика. Од различни причини Германија сосем силно се заѕема за продлабочување на Унијата и за проширувањето:

- европското обединување обезбедува мир и слобода во Европа. При различни поводи Германија континуирано ја нагласува историско-моралната обврска да им овозможи вклучување во ЕУ и на државите од југоисточна Европа;
- по проширувањето на исток во 2004 година, политичкиот и географски центар на Европа се помести во полза на Германија. Сепак, важно е да се спречи појава на нови блокови на границите на Европа преку економски и политички разлики. За да се спречи појавувањето на нови граници, мора да се интензивираат соодветните целокупно европски структури за соработка како и односите помеѓу ЕУ и Русија;
- со проширувањето на Унијата, Сојузна Република Германија се надева на зголемен меѓународен углед;

- токму извозно ориентираните држави како Германија профитираа од укинувањето на трговските пречки во внатрешниот пазар на ЕУ. Во еден глобализиран свет на светските пазари може да опстои само една обединета Европа со една заедничка валута. Затоа Германија го поддржува и процесот на економско развивање на посиромашните региони со цел за достигнување во развојот, за да ја обезбеди економската стабилност во земјите-пристапнички и земјите-кандидати и да ги здобие како пазар за пласман на германски производи. Веќе сега Германија е најголемиот трговски партнер на земјите од средна и источна Европа;
- покрај проширувањето, Германија се труди да го турка нанапред и идното продлабочување на Европската унија. Тука спаѓа подготвеноста за ратификација на Европскиот устав за значително да се олесни донесувањето одлуки меѓу 27 членки. Освен тоа, германската влада е свесна за тоа, дека за глобалните прашања како што се политиката на миграција и политиката на азил, безбедносната политика и политиката за животна средина, само европските решенија можат да развијат ефекти.

**Германија и следното проширување**

Германската влада се заложува за следниот степен на проширување на Европската унија со земјите од Балканот и Турција. По однос на Балканот, Германија игра значајна улога во сочувувањето на мирот по крвавите граѓански војни од 90-тите години. Германија е еден од иницијаторите и поддржувачите на Пактот за стабилност за југоисточна Европа. Исто така, далеку напредната е и економската соработка со овие земји.

**Германија и Албанија**

Германско-албанските односи се блиски и партнерски. Според албански изјави, Германија е најголемиот билатерален донатор на развојна помош, пред сé во централните области како што се водовод и енергија и, како поддржувач на реформските процеси во Албанија, ужива висок углед.

Во текот на процесот на демократизација од пролетта 1991 година, овие односи значително заживејаа. Албанија би сакала да си ја обезбеди германската поддршка на својот пат во евроатланските структури. Во германски интерес е да се придонесе за стабилни односи во Албанија и во регионот преку поддршка на демократскиот процес на трансформација. Спогодбата за стабилизација и асоцијација, потпишан со ЕУ во јуни 2006 година, и нуди на Албанија доверлива европска перспектива, а покрај тоа Германија ја поддржа поканата на Албанија за пристапување во НАТО во април 2008 година. Не само во рамките на Пактот за стабилност за југоисточна Европа, Албанија гледа на Германија како на особен заговорник на нејзините интереси.

Економски, Албанија е јасно насочена кон ЕУ (88 проценти од албанскиот извоз и 60 проценти од албанскиот увоз), со Италија како најголем трговски партнер, следен по Грција. Германија следи на петто место по Турција и Кина.

**Германија и Босна и Херцеговина**

Германија е еден од најважните надворешно-политички партнери на Босна и Херцеговина. Од започнувањето на дипломатските односи на средината од 1994 година, билатералните односи постојано се развиваа позитивно. Германија беше интензивно вклучена во напорите за мир пред и по склучувањето на Дејтонскиот договор, меѓу другото со свој ангажман во контакт-групата, во управувачката комисија на советот за имплементација на мировниот договор од Дејтон, на донаторски конференцеии, со големи германски контингенти при воената мисија на ЕУ, ЕУФОР, како и во полициската мисија на ЕУ (ЕУПМ).

Босна и Херцеговина гледа во Германија еден од најважните поддржувачи во Европа како и поддржувач на локалните реформски процеси и во приближувањето на земјата кон Европската унија.

**Германија и Хрватска**

Односите помеѓу Германија и Хрватска се тесни и добри. Ова од една страна почива на вековните културни влијанија на Германија односно Австрија и на големиот број Хрвати, кои живеат постојано во Германија (во 2003 година беа регистрирани 236.600 лица) како и поранешните „гастарбајтери", така што многу Хрвати говорат германски. Од друга страна секоја година голем број германски туристи ја посетуваат Хрватска (2006: 1,6 милиони). Друго гледиште е интензивната економска размена. И од научна и техничка перспектива постојат тесни односи меѓу институциите и луѓето во двете земји.

Со голем број проекти германската влада помага во јакнењето на структурите на пазарната економија, модернизацијата на управата, реформите на судството како и при прилагодувањето на хрватското законодавство на барањата на европското право. Ова се случува воглавно преку советодавни мерки и обуки, изработка на студии, студиски патувања и хоспитации на хрватски службеници вработени во компании и други стручни лица во Германија. И понатаму со германска помош се реализираат хуманитарни мерки. Тука спаѓаат поправката на куќи уништени од војната, обновата и модернизацијата на инфраструктурата како и чистењето мини.

Германија се наоѓа на второ место како трговски партнер на Хрватска. Билатералната трговија расте. И од гледна точка на странските директни инвестиции Германија го зазема второто место по Австрија.

**Германија и Косово**

Германија отсекогаш одржувала добри контакти во регионот, особено со Србија и ја поддржува и Србија на нејзиниот пат кон Европската унија. Но, ваквата блискост кон Србија не смее да доведе до заблуда, имајќи предвид дека Германија, заедно со Франција, ја признаа независноста на Косово во февруари 2008 година како први држави од Европската унија. Во меѓувреме вкупно 22 држави на ЕУ го признаа Косово како суверена држава. Само Шпанија, Грција, Кипар, Романија и Словачка го немаат признаено Косово. Овие земји-членки треба да бидат убедени, за ЕУ да може заеднички да пристапи кон Косово.

**Германија и Македонија**

Билатералните односи се многу добри. Германија е најважниот политички и економски билатерален партнер на Македонија. Раната и консеквентна поддршка на Македонија по нејзиното осамостојување, улогата на Германија како лидерски партнер во соработката како и блиските човечки врски преку 62.000 македонски државјани што живеат во Германија се централните поврзувачки точки. И поддршката од германска страна во кризата на Косово и во кризата во самата Македонија во текот на 2001 година, како и поддршката што продолжува до денес, го зацврстија германскиот имиџ на особено доверлив партнер. Понатаму, Македонија во Германија гледа важен заговорник и поддржувач за нејзините напори за приближување кон евроатлантските структури.

Германија традиционално е еден од најважните трговски партнери на Македонија. Најважни германски извозни добра се полуготовите производи за текстилната индустрија како и патничките и товарните возила, додека кај увозите од Македонија најважна стока се: облека, лимови од железо или челик како и производи од прехрамбената индустрија. Билатералниот трговски волумен во 2006 година се зголеми за 20 проценти наспроти претходната година на преку 700 мил. евра (увоз во Германија 370 мил. евра, извоз во Македонија 343 мил. евра). Според податоците на Сојузната управа за статистика, до ноември 2007 година трговскиот волумен се зголеми за нови 18,9 проценти на 770 мил. евра.

**Германија и Црна Гора**

На преден план во германската и европската политика кон Црна Гора стои поддршката за политичкиот и економскиот реформски курс со цел за натамошна стабилизација на земјата. На Пактот за стабилност на југоисточна Европа што во значителен обем е финансиран со германски средства, во поблиското минато му се придава важна улога во соработката меѓу Германија и Република Црна Гора. Покрај тоа, Германија се ангажира со голем број проекти во билатералната соработка и во рамките на ЕУ.

Поголем број проекти поддржани од Германија ја имаат за цел поддршката на реформските напори на демократските сили и јакнењето на европската свест на луѓето во Црна Гора.

Дополнително кон ова, Германија ги поддржува и следните области: правни и административни реформи, демократизацијата и реформите на полицијата и армијата, како и улогата на медиумите. Други тежишта на проектната соработка се унапредувањето на граѓанското општество и областите: малцинства и човекови права.

По демократскиот пресврт во 2000 година, започната е развојно-политичката соработка со Србија и Црна Гора. Со една итна програма, во висина од 26 мил. евра, за Србија и Црна Гора беше даден значаен придонес во стабилизацијата на оваа унија на држави.

Во последните години се етаблираше добра и успешна развојно-политичка (РС) соработка со Црна Гора. Со досега вкупно 110 мил. евра оваа земја добива надпропорционално висок износ во рамките на билатералната развојна соработка со Германија.

**Германија и Србија**

На преден план во германската и европската политика кон Србија стои поддршката за политичкиот и економскиот реформски курс за натамошна стабилизација на земјата. Пактот за стабилност на југоисточна Европа, кој во значителен удел е финансиран со германски средства, а чии главни задачи беа преземени од новосоздадениот Совет за регионална соработка од февруари 2008 година, на соработката меѓу Германија и Србија и се припишува важна улога. Покрај тоа, Германија се ангажира со цела редица други проекти во билатералната соработка.

Уште пред изборите есента 2000 година, кои доведоа до падот на Милошевиќ, германската сојузна влада ги поддржуваше српските реформски сили со цела редица проекти што беа реализирани со демократската опозиција, која владееше во 30 градови и општини, како и со претставници на граѓанското општество (испорака на лекови и медицинска техника, нафта за греење, асфалт, мерки за поправка на водоснабдувањето и на училиштата, медиумска соработка и сл.). По неизборот на Милошевиќ и мирната револуција, ваквата поддршка беше продолжена. Проектите имаат за цел, пред сé, поддршка на реформските напори на демократските сили и се концентрираат на областите: правни и административни реформи, демократизација и реформи на полицијата и армијата како и медиумски реформи. Друго тежиште во рамките на проектната соработка се прашањата во врска со малцинствата и човековите права.

**Германија и Турција**

По прашањето на Турција, Германија ги нагласува позитивните аспекти што би ги донело со себе пристапувањето. Владата повеќепати се изјасни за пристапување, доколку критериумите за пристапување се целосно исполнети. Преку интеграцијата на Турција, Германија се надева на стабилизација на односите на Блискиот Исток и поголеми можности за влијание врз земјите од арапскиот свет, чија соработка Европа треба да ја има во меѓународната борба против фундаменталистичките и терористичките тенденци. Внатрешно-политички оваа тема е сепак спорна со оглед на големата, но досега само донекаде, успешна интеграција на турското малцинство во германското општество. Особено ЦДУ/ЦСУ жестоко го одбиваат пристапувањето на Турција и наместо тоа сакаат да воспостават привилегирано партнерство меѓу оваа земја и ЕУ.

И како економски партнер и пазар за пласман, Турција е од голем интерес за ЕУ. Веќе денес ЕУ и Германија значително профитираат од интензивните економски односи од постоењето на царинската унија. Германија е со години најзначајниот трговски партнер на Турција, која од своја страна реализира 50% од својата надворешна трговија со ЕУ. Една третина од ова отпаѓа на Германија. Германија е лидерот во директните инвестиции во Турција. Од друга страна во Германија постојат повеќе од 40.000 турски компании, кои создаваат дополнителни работни места.

Економијата на Турција забележува позитивен развој. Во периодот меѓу 1990 и 2002 година турската економија порасна за 3%. Во 2003 година реалниот бруто домашен производ се зголеми дури за 5%. И проблемот со инфлацијата во последните години беше ублажен.

**Актуелен развој на Балканот**

Вашата влада го поздравува апсењето на Радован Караџиќ во јули 2008 година. Ова го оценувате како особено позитивен знак за Србија. Истовремено јасно укажувате на тоа, дека ваквиот единечен успех во гонењето не е доволен и понатаму мора да се трага по воените злосторници кои се во бегство. Затоа од независниот меѓународен суд за поранешна Југославија (ИЦТЈ) и понатаму барате интензивен ангажман и висока затворска казна за Караџиќ.

По однос на „спорот околу името" меѓу Македонија и Грција, Германија се поставува повеќе неутрално. Германија гарантираше дека ќе прифати решение што ќе биде пронајдено заеднички од двете земји. Истовремено, Германија покажува големо разбирање за Македонија со тоа што таа сака да се води под уставното име, дотолку повеќе што таа е признаена од речиси 110 држави од Обединетите нации.

Во внатрешно-државната употреба, германската ознака за „Поранешна Југословенска Република Македонија (БЈР)" сé повеќе отстапува во насока кон македонското уставно име „Република Македонија". Од 2007 година Германија во билатералната комуникација со Македонија го употребува уставното име.

Вие сметате дека е тешко да се замисли да не дојде до проширување само поради ова прашање. Официјално не сакате да ги напаѓате вашите грчки колеги, но и покрај тоа зад кулисите јасно дејствувате во насока на изнаоѓање договор. Поддржувајте ги вашите британски колеги по ова прашање, тие се изјаснуваат далеку поофанзивно во тој поглед.

Од германска гледна точка следните проширувања на ЕУ можат да успеат само, доколку ЕУ е подготвена одлучувачки да го турка напред процесот на продлабочување (уставот). Затоа Германија, уште пред едно ново проширување, интензивно се залага за јакнење на супранационалните институции (Европски парламент и комисија) како и за поефикасно донесување одлуки (на пример квалификувано мнозинско одлучување во Советот).

**Тактика:**

Не сокривате дека ја гледате Германија како водечка сила во Европа, која особено се ангажира по прашања од областа на заштитата на животната средона, социјалните стандарди и на заштитата на потрошувачите. Со последната рунда на проширување, Германија премина во центарот на ЕУ и има значителна тежина во Унијата. Затоа Вие се залагате и за следните чекори на проширување на ЕУ. Балканот и Турција подеднакво Ви лежат на срце.

Но, потребно е континуирано да ги имате предвид влијанијата од Вашите одлуки по Вашите најважни партнери во Европската унија, особено Франција, но исто така и другите важни западно-европски земји, како и Полска. Покажете, дека натамошните чекори за интеграција и проширување на Унијата не произлегуваат од националистички мотиви, туку се стремат да создадат предност за сите.

Заложувајте се за давањето на другите чекори за проширување. Балканот го гледате како интегрален составен дел на ЕУ, но упатете на обврската на овие држави за соработка со меѓународната заедница. Човековите права, правната држава и демократијата мораат да бидат почитувани без исключок. Истото важи по однос на прашањето за пристапувањето на Турција.

Истовремено морате да го имате предвид расположениото на гласачкото тело во Сојузна Република Германија. Проширувањето е поврзано со значителнни дополнителни финансиски оптоварувања. Постојано се критизира преголемиот удел на германскиот сојуз во буџетот на ЕУ и се бара намалување на придонесот во ЕУ. Оттаму обидете се на европско ниво да спроведете ограничување на буџетот на ЕУ, за трошоците на проширувањето да бидат намалени на подносливо ниво.

Освен тоа, голем број граѓани со приемот на други држави, а заедно со тоа и слободниот пазар на труд, стравуваат дека со миграцијата на евтина работна сила од источна и југоисточна Европа ќе се зголеми невработеноста во Германија, како и дека ќе биде загрозена внатрешната безбедност преку засилениот меѓународен криминалитет. Затоа народот во Сојузна Република Германија повеќе поддржува една долгорочно поставена интеграција во Европската унија, со долги преодни рокови во областа на слободното движење на луѓе. Вие би требало да се заложите за ваквите рокови според интересот на Вашите гласачи.

Скептицизмот кон Европската унија и нејзината способност за решавање на притисокот од насобрани проблеми се зголемува исто како што е тоа случај со сомнежот во способноста за одлучување на Унијата. Затоа ставете јасно до знаење дека Германија е жаречки поборник за натамошни чекори за продлабочување како и дека пледира за прифаќање на европскиот устав. Натамошното продлабочување на интеграцијата за Вас е предуслов за успех на планираните проширувања.

# Данска (Danmark)

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Копенхаген |
| **Државно уредување:** | конституционална монархија |
| **Површина:** | 43.198 км² |
| **Жители:** | 5.437.000 |
| **БДП според паритет на куповна моќ / жител:** | 52.100 УСД |
| **Стапка на раст:** | 3,2% |
| **Стапка на невработеност:** | 3,8% |
| **Јазици:** | дански, германски (регионално) |
| **Религии:** | 84% лутеранци |
| **Етнички групи:** | 95% Данци |
| **Пристапување во ЕЗ/ЕУ:** | 1973 |
| **Шеф на држава:** | Кралица Маргарета Втора |
| **Премиер:** | Фог Расмусен |
| **Други информации:** | www.daenemark.org |

www.weltalmanach.de (2009)

Вие сте претставник на Данска во Советот на Европската унија. Во оваа функција, кратко по завршувањето на втората рунда на проширување, повторно сте конфронтирани со одлуката за барањата за пристапување на други кандидати.

**Данска во ЕУ**

Данска важи за една од членките на Унијата, која најбргу и најлојално ги имплементира правилата. Добро информираното население, пак, важи за критичко. Тоа се покажа кога во 1992 година, преку референдум, не беше признаена ратификацијата на договорот од Мастрихт, со што влегувањето на договорот во сила беше одложено за една година.

Во текот на дополнителните расправи, на Данска и беа признаени следните аргументи-исклучоци:

- и без учество во третото ниво на ЕМУ, тоа значи без воведување на еврото како готовина (иако земјата ги исполни критериумите за евро), данската круна сепак е врзана за еврото;
- откажување од учеството во европската одбранбена политика (пример ЗЕУ);
- одбивање на трансферот на суверенитет во областите „судство“ и „внатрешни работи“;
- опозиција кон заедничкото граѓанство во Унијата.

По овие дополнителни подобрувања, во 1993 година сепак се дојде до согласнот за договорот. И до денес голем број Данци стравуваат од преголема концентрација на моќ во ЕУ. Анкетите континуирано покажуваат дека голем дел од данското

население смета дека Европскиот парламент поседува преголема моќ. Само уште ставот на британскиот народ го надминува ваквиот скептичен став.

По приемот на Финска и Шведска во ЕУ во 1995 година, данската влада се чувствуваше зајакната во своите интереси, на преден план во политичката дискусија во Европа да ги помести темите: заштита на животната средина, транспарентност, субсидијарност и деморкратија. Со повторното гласање за воведување на еврото, владата се обиде да го укине посебниот статус на Данска и да аргументира дека пристапувањето во евро-земјите би можело да ја заштити државата како држава на социјална грижа и работа во ерата на глобализацијата. Но, со „не" на народот за воведување на европската валута, уште повеќе се зацврсти посебниот пат на Данска.

**Данска и проширувањето**

Данска се сфаќа самата себе како еден од големите поборници за првата рунда на проширување кон Исток. Земјата смета дека еден од надворешно-политичките приоритети е создавањето една обединета Европа како гарант за стабилноста и благосостојбата. Со оглед на својата географска близина и постоечките билатерални односи, Кралството особено се заложи за брз прием на трите балтички земји. Преговорите со десетте нови земји-членки беа завршени под данското претседателствување со ЕУ во 2002 година.

И во поглед на следната рунда на проширување Данска се вбројува во отворените членки, не давајќи им притоа слепа поддршка на сите барања за пристапување. Со оглед на скептичниот став на данското население, владата секогаш мора да проверува во која мера процесот на следно проширување може да ги сочува односно промовира националните интереси на Данска. Во тој контекст голема улога играа придобивките во социјалната сфера и заштитата на животната средина, на кои данскиот народ е мошне горд. Данците стравуваат дека растечката „европеизација" оди на товар на овие придобивки. Затоа, проширувањето на Европската унија со нови земји-членки од источна, средна и јужна Европа за Данска е поврзано со условот за јасни директиви во областа на заштитата на животната средина и социјалните стандарди.

Исто така, и по однос на желбите за пристапување на Турција, Данска се покажува како јасно подготвена за преговори. Според мислењето на данската влада, со една долгорочна опција за пристапување на Турција јасно би дошло до израз дека ЕУ се дефинира како заедница на вредности, која живее од толеранцијата на разликите.

Данската влада особено нагласено ги поздравува напорите на Турција за нормализација по однос на прашањето за Кипар. Во последните години Турција повеќе не блокираше можно обединување, кое на почетокот се покажа како безуспешно со референдумското „не" на грчките Кипарци.

Понатаму данската влада го поддржува Косово на својот пат кон една функционална држава. Тие не ги делат сомнежите на петте земји-членки, кои сé уште не го признале Косово. Тие повеќе гледаат внатрешно-политички потешкотии во овие земји, бидејќи тие сами стравуваат од стремежи за независност од малцинствата што живеат во нивните земји.

Данска уште од самиот почеток го призна уставното име на Република Македонија и притиска, иако внимателно, истото да го сторат и сите земји-членки на ЕУ.

Во поглед на Балканот, пак, Данска е повнимателна со оглед на сомнежите по однос на безбедноста и стабилноста. Европската поддршка за процесот на стабилизација и асоцијација најпрво треба да продолжи со сите сили, за долгорочно да можат да бидат создадени услови за пристапување.

**Тактика:**

Како претставник на Данска, Вие во основа го поддржувате приемот на нови земји во ЕУ. Во Ваш прилог оди фактот што историското завршување на преговорите со последните десет земји-пристапнички од 2004 година беше реализирано под Ваше претседавање. Во Вашата аргументација ги подвлекувате сите предности за земјите-пристапнички, ЕУ, па и за самата Данска, земајќи го предвид скептицизмот на вашиот народ. Мирната демократизација што би се постигнала со проширувањето, значи една голема предност за безбедноста и стабилноста на целиот континент.

Вам Ви е важно да нагласите дека безбедноста денес значи повеќе отколку чисто избегнување војна. Сузбивањето на тероризмот и меѓународниот криминал како и ефективната заштита на животната средина се, исто така, важни фактори за една обемна безбедност. Вие аргументирате дека безбедноста во оваа смисла претставува една транснационална задача што ја засега цела Европа, па затоа е потребно заедничко решение во рамките на проширената ЕУ. Конечно нагласувате дека еден поголем внатрешен пазар со себе носи и нови економски предности за трговијата и инвестициите што оди во полза и на данската економија. Но, имате критичко видување особено кај Албанија, Косово и Црна Гора во поглед на постоечкиот организиран криминал. Барате засилени активности во оваа сфера од сите земји што се заинтересирани за пристапување.

При сето нагласување на потребата од проширување на ЕУ, сепак имате предвид дека процесот на европска интеграција има извесни граници на оптоварување, при што не смее да се претера. Исто така, не смеете од вид да го загубите и скептичниот став на Вашиот народ дома. Затоа се залагате за тоа потребното проширување да се реализира внимателно и постапно. Земјите што имаат волја за пристапување, пред приемот, во секој случај, треба да исполнат економски критериуми, за да не го оптоварат внатрешниот пазар на Унијата. Исто така потребно е да се почитуваат и западно-европските стандарди за животната средина и човековите права.

Кај Вашите колеги од ЕУ притискате, критеирумите за животна средина, социјала и човекови права да се дефинираат како јасен предуслов за пристапување. По однос на Турција, имате отворен став во врска со започнувањето преговори. Притоа за Вас е важно што ЕУ не е религиозна заедница, туку заедница на вредности, чии темели се различноста и толеранцијата. Сепак, апсолутен приоритет има почитувањето на човековите права.

ЕУ треба активно да ја продолжи својата политиката на стабилизација и асоцијација на Балканот. Тука гледате можност за долгорочно создавање услови за пристапување на регионот во ЕУ. Сепак, за Вас е нереално зачленувањето на балканските држави во блиска иднина. Особено ја спречувате можноста на земјите од западен Балкан (особено Хрватска и Србија), кои во Вашите очи покажуваат

недоволна соработка со Судот за воени злосторства во Хаг, за започнување на преговорите за пристапување, бидејќи на тој начин би била поткопана веродостојноста на ЕУ во поглед на заштитата на човековите права и правната држава. За крај, не треба да заборавите, дека Вие, како голем „плаќач" во ЕУ, стравувате од дополнителни финансиски оптоварувања предизвикани од нови пристапувања.

# Грција (Ελλαδα) [Hellas]

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Атина (4 мил. жители) (сите бројки за 2004) |
| **Државно уредување:** | парламентарна демократија, едностепен систем |
| **Површина:** | 131.957 км² |
| **Жители:** | 11,147 мил. |
| **БДП / жител:** | 27390 УСД |
| **Стапка на раст:** | 4,3% |
| **Стапка на невработеност:** | 8,3% |
| **Јазици:** | новогрчки |
| **Религии:** | грчка православна државна црква и припадници на муслиманската (130.000), протестантската, католичката (заедно 50.000) и еврејската (6.500) вера |
| **Етнички групи:** | 98% Грци и други |
| **Пристапување во ЕЗ/ЕУ:** | 1981 |
| **Шеф на држава:** | Карлос Папуљас |
| **Премиер:** | Костас Караманлис |
| **Други информации:** | www.griechenland-botschaft.de |

www.weltalmanach.de (2008)

Вие сте претставник на Грција. Во оваа функција сте конфронтирани со одлуката за нови барања за зачленување во ЕУ.

**Грција во ЕУ**

Од 1974 година Грција, по еден краток период на владеење на десничарски насочена воена диктатура (обристичка диктатура), повторно премина во демократско уставно уредување и во 1981 година пристапи во ЕЗ. Оттогаш Грција профитираше од структурната помош од европските фондови и се разви во една мошне стабилна демократија на југоисточниот крај на ЕУ.

Иако политичкиот систем на Грција предвидува делење меѓу државата и црквата, во грчкиот народ е јасно врежана широко распространетата и влијателна православна црква.

Како релативно сиромашна земја, Грција многу профитираше од приемот во ЕУ и во неа се слеа голема финансиска помош од структурните фондови. И денес помошта од ЕУ изнесува 3,3 проценти од бруто-домашниот производ. Преку консеквентна реформска политика на грчката влада, економијата на земјата во последните години успеа да забележи значаен напредок. Стапката на инфлација и буџетскиот дефицит беа драстично намалени. И покрај тоа, економијата на Грција сé уште заостанува и, по однос на статистичките примања по глава жител е претекната од новата членка Словенија.

Врз основа на своите отворени морски граници кон Северна Африка и како порта кон ЕУ, Грција е цел на голем број бегалци од Африка и Средна Азија. Затоа Грција

бара построга политика за азил во рамките на ЕУ и се залага за силно партнерство на ЕУ со државите што лежат на Средоземјето (Процесот од Барселона).

Во институционален поглед Грција бара подеднакво продлабочување на ЕУ и одбива „Европа со различни брзини", што би можело да предизвика расцепување на Унијата. Иако Грција многу долго се држеше цврсто до клаузулата на едногласност, таа гласаше за договорот за Европски устав, кој во многу области дозволува во Советот одлучување со квалифицирано мнозинство и овозможува надгласување на Грција по политички прашања. Но, по прашањето за проширување на ЕУ и понатаму важи важниот принцип на едногласност.

Понатаму Грција се залага за долгорочно јакнење на заедничката надворешна и безбедносна политика. Грција секогаш е активно инволвирана во стабилизацијата на Балканот и го иницираше формирањето на една „Мултинационална бригада за југоисточна Европа".

## Грција и следното проширување

Со оглед на својата географска положба, Грција е единствената земја-членка на ЕУ со заеднички граници и односи со европско-турскиот и арапскиот простор од Средоземјето како и со земјите од југоисточна Европа. На тој начин Грција е директно погодена како од прашањето за проширувањето со земјите од југоисточна Европа и Турција, така и со идната европска политика за Средоземјето.

Односот на Грција со своите соседи низ историјата беше постојано исполнет со конфликти. Но, на крајот од 90-тите односите значително се опуштија и развиваа пријателски. Тоа важи и за случајот со младата држава Македонија, со која Грција се наоѓаше долго време во клинч поради барања на територија и водење под официјалното име.

Сепак, отворено останува решавањето околу островот Кипар, кое од 1974 година па наваму е поделен во грчки и турски дел. Двете влади се изјаснија за решение на статусот на островот во рамките на планот за согласување на Кофи Анан, кое, пак, помина безуспешно на референдумот на грчките Кипарци во 2004 година. Само грчкиот дел на Кипар денес е членка на ЕУ. Но, Грците принципиелно не одбиваат зачленување на Турција во ЕУ, бидејќи на тој начин се надеваат на стабилизација на односите, како што покажува нивната историја. Со пристапувањето би можеле да се решат и спорните територијални прашања во Егејот и конфликтот на Кипар. Сепак, Грција го поставува признавањето на грчкиот дел на Кипар од страна на Турција како елементарен услов за започнување на преговорите за пристапување.

Исто толку нејасен е спорот околу името со Македонија. Грција бара од Македонија промена на уставното име „Република Македонија". Во Обединетите нации Македонија, поради Вашата интервенција, мора да се нарекува „Поранешна југословенска Република Македонија". Грција аргументира дека *Македонија* (грчки Μακεδονία, *Makedonía*) било име со грчко потекло, кое веќе се употребува за северниот регион на Грција „Македонија" како и за историскиот регион „Македонија". А словенските племиња се појавиле во Балканскиот регион дури во раниот среден век (од 6 век од нашата ера), а населението на поранешната југословенска Република Македонија биле Словени. Освен тоа, територијата на поранешната југословенска Република во најголем дел опфаќало територија, која не припаѓала на првобитната историска територија на Македонија. Во антиката

територијата, во која денес се наоѓа главниот град Скопје, се нарекувал Пајонија. На тој начин употребата на името *Македонија* претставувало земање туѓа историја и култура. Тоа се случило од политички причини заради разграничување од соседните и тесно сродните Бугари како и за да може да се образложи едно чувство за национален идентитет, кое треба да биде основата за постоењето на новата држава. Покрај тоа, кај поранешната југословенска Република станува збор за држава со повеќе народи (меѓу другото 25% Албанци, 4% Турци, 3% Роми, 2% Срби), шри што било важно обезбедување на таа територијална единица. Друга причина за историски неодржливото земање предвид на античките Македонци и нивната држава се насочувало кон една позиција на политичка предност на етникумот со словенско потекло наспроти другите етникуми, што треба историски да биде образложено на овој начин.

Словенските жители на овој регион во изминатите векови постојано самите се означувале како Бугари. Тоа се изменило дури со указот на Тито, кој на најјужниот регион на Југославија, на поранешната Вардарска бановина, и го дал официјалното име *Вардарска Македонија*. На тој начин ќе биле одбивани бугарските територијални барања кон јужна Југославија и истовремено ќе се давало поддршка на југословенските територијални барања против Северна Грција. За таа цел жителите на најјужната провинција на Југославија требало да добијат една нова национална ориентација. Јазикот на словенското мнозинско население, битна основа за еден народ, јазик што е исклучително близок до бугарскиот, бил преименуван во *македонски*. Освен тоа, според комунустичка мостра започнало едно големо лажирање на историјата. Лажираната историја била предавана во училиштата, со последица дека денешните жители со словенско потекло имале погрешна слика за својата историја.

Грција се противи и против името *Република Македонија*, бидејќи стравува од македонски територијални барања против истоимениот северно-грчки регион „Македонија", стравување што се образложува со тоа дека Бугарите, кои исто така имаат словенско потекло, во периодот 1941 до 1945 година исто така ја окупирале Источна Македонија под фашистичко водство. Денес Грција на воен план нема од што да стравува од Македонија, но преку пропагандистичко влијаење врз населението од грчка Македонија како и преку можни заеднички интереси меѓу Македонија и Турција нејзината политика би можела да претставува вистинска опасност.

Бидејќи грчките Македонци од старо време, а тоа значи и пред Словените, се означувале како *Македонци*, ваквото име сега наеднаш не можело да се користи од една новосоздадена нација, а уште помалку без постоење историска, етничка или јазична основа.

Од грчка страна се укажува дека се немало ништо против постоењето на новата држава, туку против името, кое таа го барала за себе и своите жители. Во основа Грција била заинтересирана за добрососедски односи и подготвена за политичка и економска поддршка на младата држава. Грција припаѓа кон петте земји од Европската унија, кои не го признаа Косово (како што е случајот и со Шпанија, Кипар, Романија и Словачка). Една причина би можела да биде, малцинствата кои живеат на грчко тло да не добијат елан за, од Ваша гледна точка неоснованите, желби за независност.

**Тактика:**

Како претставник на Грција Вие традиционално имате добри односи со другите држави од Јужна Европа како Италија, Шпанија и Португалија, со кои застапувате слични интереси. Исто така Вашата земја има длабоки и пријателски односи и големите држави, особено Германија.

Имајте предвид дека одлуките за пристапување во Советот се носат едногласно. Затоа обидете се да врбувате офанзивно за Вашите интереси. При преговорите за пристапување нагласувајте ги позитивните потенцијали, кои би требало да постојат со пристапувањето на државите-баратели. Покажете дека во последните години се отсликал еден многу добар развој дека балканскиот регион со приемот на Хрватска би можел да го надмине злото од граѓанската војна и сиромаштијата од поранешни времиња. За стабилноста на регионот неизмерно е важно и постоењето на една демократска Турција. Затоа заговарајте прием на Турција во ЕУ. Но, како услов за Вашата согласност барајте признавање на грчкиот дел на Кипар како држава од страна на Турција. Како позиција на повлекување би можеле да прифатите и фактичко признавање за проширувањето на царинската унија меѓу ЕУ и Турција на новите земји-членки. За дефинитивниот прием, според Ваше мислење, важат фер и подеднакви мерила, додека при неспроведување на реформите не изостанува и критика (на пример во областите на слобода на медиумите, правната држава и почитувањето на човековите права). Овие прашања не се само во интерес на Грција, туку и на целата ЕУ.

Исто така и во економска смисла следните чекори во проширувањето би биле мошне исплатливи. Но, структурните мерки за развојот на руралните региони на сегашните држави од ЕУ не би требало да бидат скратени, бидејќи би можело да доведат до економски проблеми. Од таа причина барате подолги преодни рокови.

За проширувањето потребно е и продлабочување, за донесувањето одлуки во ЕУ да може да функционира и со повеќе членки. Затоа залагајте се за јакнење на надлежностите на институциите во ЕУ како што се Парламентот и Комисијата.

## Шпанија (España)

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Мадрид (3 мил. жители) (бројки за 2003) |
| **Државно уредување:** | парламентарна монархија, централизирана држава |
| **Површина:** | 504.656 км² |
| **Жители:** | 44,121 мил. |
| | |
| **БДП / жител**: | 27.340 американски долари |
| **Стапка на раст:** | 3,9% |
| **Стапка на невработеност:** | 8,3% |
| | |
| **Јазици:** | шпански (кастелано) е државен јазик според уставот. Освен тоа, каталански, баскиски, галициски и валенцијански имаат официјален статус во соодветната автономна заедница. |
| **Религии:** | римо-католичка над 90% |
| | |
| **Пристапување во ЕЗ/ЕУ:** | 1986 |
| | |
| **Шеф на држава:** | Крал Хуан Карло с И. де Бурбон и Бурбон |
| **Премиер:** | Хозе Луис Родригез Запатеро |
| | |
| **Други информации:** | www.spanischebotschaft.de |

www.weltalmanach.de (2009)

Вие сте претставник на Шпанија. На оваа функција, кратко по проширувањето со вкупно дванаесет нови членки од средна и источна Европа, повторно сте конфронтирани со одлуката за нови барања за пристапување.

### Шпанија во ЕУ

Во 1986 година Шпанија пристапи во Европската заедница. Од пристапувањето Шпанија успеа да направи голем економски подем. И покрај критичкото глобално економско опкружување, економијата забележува релативно високи стапки на раст. Од 1994 година невработеноста фактички е двојно пониска. И понатаму постојат економски недоволно развиени региони, но Шпанија, благодарение на своето релативно ниско ниво на примања стана значајна производна дестинација во Европа. Сепак, интересот на шпанскиот народ за ЕУ е мал.

Со проширувањето на север во 1995 година и последното проширување на исток во 2004 година, влијанието на јужните држави во Европската унија се намали. Шпанската влада и народот стравуваат, дека заедно со другите „стари" држави од европското средоземје, не само географски, туку и политички ќе бидат истуркани на работ на Европската унија.

Положена во регионот на Средоземното море, Шпанија гледа особена задача и во јакнењето на европската средноземна политика, која ја регулира соработката со јужните соседни земји на ЕУ. Така, на пример, потребно е да се зајакне финансиската поддршка на регионот и економската соработка како и да се интензивира политичкиот и економскиот дијалог со земјите од Блискиот Исток. Шпанија ги оценува растечките проблеми на „јужниот крај" на ЕУ (на пример

имиграцискиот притисок од Северна Африка, исламскиот фундаментализам) како значително погравирачки за своите национални интереси, од прашањето за повторно проширување на Европската унија.

По однос на евентуалните институционални реформи во ЕУ, Шпанија го одбива моделот на потесна соработка на мал број земји-членки. Напротив, интеграцијата треба да биде зајакната на едно унифицирано ниво. Шпанската влада е на мислење, дека треба да се брани правилото на едногласност, доколку од тоа не бидат засегнати сопствените национални интереси.

**Шпанија и следното проширување**

Со оглед на опишаното приоретизирање на шпанската влада, проширувањето може да се случи само откако ќе биде постигнато фактичкото продлабочување и ќе бидат решени проблемите поврзани со проширувањето.

Со штотуку извршениот прием на десет нови држави од средна и источна Европа и, заедно со тоа, кратење на одредени средства на Шпанија, земјата се наоѓа пред еден нов предизвик: борбата за распределба на фондовите на ЕУ од 2007 до 2013 година. Шпанија гледа опасност, пред сé, во тоа дека со новото проширување на ЕУ во Шпанија нема да се слеваат толку многу трансфери на финансиски средства како досега, бидејќи за средствата би конкурирале поголем број „сиромашни“ земји. Освен тоа Шпанија стравува дека со пристапувањето на други земји би ја изгубила досегашната предност во трошоците за производство, бидејќи во потенцијалните нови земји-членки може да се произведува уште поевтино.

По нападите од 11 март 2004 година, сузбивањето на тероризмот доби висок приоритет во Шпанија. Приемот на држави со сомнителна сигурност и „издупчени“ надворешни граници би можело да важи за „порта“ за терористички групи. Географското приближување кон кризното жариште на Блискиот Исток, токму преку директното граничење на Турција со Ирак, исто така носи опасност во себе. Шпанија стравува дека безбедносните проблеми на „новите членки“ ќе бидат пренесени на ЕУ.

И покрај ваквите сомнежи, приемот на Хрватска и Турција во ЕУ е секако и во интерес на Шпанија, бидејќи на тој начин би се зајакнала позицијата на земјите-членки на југ. Шпанија изразува критички сомнежи (види горе), но ги поддржува и кандидатите, доколку тие изразат подготвеност да им обрнат посебно внимание на наведените проблеми во следните години.

На развојот на прашањето за независноста на Косово, Шпанија гледа со голема загриженост. Шпанија, за разлика од Германија или Франција, никогаш не го поддржа отцепувањето на Косово од српскиот сојуз на држави. Шпанија, заедно со Грција, Кипар, Романија и Словачка, не ја призна независноста на Косово. Но, таа ја поддржува мисијата ЕУЛЕКС во рамките на ЕУ, која треба да ја поддржува изградбата на правна држава.

Вашата позиција се состои во тоа дека независност на Косово можете да признаете само ако Србија се согласува на тоа. Вие не признавате еднострана изјава.

Преовладува загриженоста дека со признавањето на Косово ќе дојде до конфронтација со сепаратистички барања во вашата земја. Шпанија јасно бара

јакнење на Србија, за на тој начин да може подобро да се овозможи пристапување еден кон друг. Резолуцијата 1244 на ОН за Вас е важна и понатаму.

**Тактика**:

Официјално сте на мислење дека со сите држави можат да се започнат преговори за пристапување, иако не сте навистина заинтересирани за прием на други држави. Поврзано со вашата согласност, сепак, е барањето, дека проширувањето не смее со себе да донесе последици по сегашните членки на Унијата.

Како се́ уште најголем примател на субвенции од ЕУ, свесни сте за тоа дека причините за добивање финансиски средства делумно веќе не постојат и понатаму ќе се намалуваат, бидејќи Шпанија, благодарение на средствата од ЕУ, успеа да развие масивен раст за да го надополни заостанатото. Затоа Вие се ангажирате за долги преодни рокови, пред новите членки да можат да профитираат од заедничката аграрна политика (ГАП) и од исплатите од структурните фондови. Економската и социјалната соработка во рамките на „старата" ЕУ не смее да биде загрозена.
Сепак, за да можат да се примаат нови членки, потребно е да се основаат дополнителни фондови, а буџетот на ЕУ мора да биде зголемен. Тука, пред се́, потсетувате за посилно учество на поголемите, богатите членки.

Вашата согласност за проширувањето ја правите зависна од успешните институционални реформи, кои соодветно го имаат предвид влијанието на средно големите држави во склопот на одлучување во ЕУ. Одмерете дали држави со иста големина (на пример Полска) имаат слични интереси, кои би можеле да ги застапувате заеднички.

Конечно барате значително зголемување на финансиските средства за интензивирање на европската средоземна политика. Ваш елементарен интерес е оваа димензија на европската политика да не падне во позадина преку концентрација на источната граница. Сојузници за ваквиот интерес можете да побарате кај другите средоземни држави од ЕУ.

При сето ова, не смеете да ја заборавите Вашата зависност од фондовите за поддршка од ЕУ, па затоа не треба да го торпедирате процесот на прием на нови членки.

Вам ви е важно да се овозможи рамнотежа меѓу Србија и Косово. Обидете се да ја придвижите Србија во насока на признание кон Косово, за на тој начин да добиете признавање на независноста. Едно средство би можело да биде на Србија да и дадете изгледи за брз прием во ЕУ. Но, се разбира Србија би морала да ги исполни строгите критериуми за прием.

| **Финска (Suomi)** |
|---|

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Хелсинки (559.330 жители) (бројки од 2003) |
| **Државно уредување:** | република, централизирана држава |
| **Површина:** | 338.144 км² |
| **Жители:** | 5,266 мил. |
| | |
| **БДП / жител:** | 41360 УСД |
| **Стапка на раст:** | 5,5 % |
| **Стапка на невработеност:** | 6,9 % |
| | |
| **Јазици:** | 92 % говорители на фински, 6 % говорители на шведски, 2 % друго (руски, саамски) |
| **Етнички групи:** | 2 % Руси, Естонци и Швеѓани |
| **Религии:** | лутерански христијани 84,2%, грчко-православни христијани 1,1 %, други и без верска определба 14,7 % |
| | |
| **Пристапување во ЕЗ/ЕУ:** | 1995 |
| | |
| **Шеф на држава:** | Тарја Халонен |
| **Премиер:** | Мати Ванханен |
| | |
| **Други информации:** | www.finnland.de |

www.weltalmanach.de (2009)

Вие сте претставник на Финска. Вашата земја е членка на ЕУ од 1995 година и веќе учествуваше на преговорите при последната рунда на проширување кон исток. Сега сте повторно конфронтирани со одлуката за нови барања за пристапување на земји од источна и југоисточна Европа.

**Финска во ЕУ**

Од 1955 година па наваму, Финска можеше да собира искуства при спроведувањето на заедничката политика и преку сопствените државни граници, бидејќи заедно со четирите други држави од северна Европа (Данска, Исланд, Норвешка и Шведска) таа оттогаш формира еден голем простор во рамките на „Нордискиот совет", во кој заеднички се регулираат, на пример, пазарот на труд и социјалното осигурување.

По долго време неутралност, Финска со пристапувањето во програмата на НАТО „Партнерство за мир" во 1994 година влезе во соодветни обврски кон НАТО. Во 1995 година следеше пристапувањето во ЕУ, што во прв ред беше мотивирано со солидарноста и заедничката безбедност, која ја нудеше Унијата. Во Европската унија Финска се залага за обезбедување што е можно поефикасна благосостојба и безбедност во Европа. Уште од своето пристапување оваа зема ја бара особено близината кон „јадрото" на Унијата и форсира подобрување на ефикасноста и способноста за дејствување на ЕУ. Во 1999 година Финска, како единствена нордиска земја, се приклучи на третото ниво на Економската и монетарна унија (ЕМУ) и го воведе еврото. Иако земјата и понатаму се држи до својата слобода во

воениот сојуз, таа јасно се заложува за јакнење на заедничката надворешна и безбедносна политика и на управувањето со кризи на ЕУ.

Највисок приоритет за Финска и понатаму има регионалната соработка во целиот Балтички регион, но и вон границите на ЕУ. Особено добриот однос со соседот Русија е од елементарен интерес за финската влада, не само бидејќи двете економии се тесно поврзани и Финска е зависна од увозот на енергија од Русија, туку и врз основа на географската и историската состојба. Така, Финска беше првата држава од Западот, која уште во 1992 година склучи договор за проширување на односите. Со завршувањето на конфликтот Исток-Запад, Финска сé повеќе станува крстосница помеѓу Истокот и Западот за трговија меѓу Европската унија, Русија и Источна Европа.

На иницијатива на Финска, во 1997 година Европската унија разви една „Нордиска димензија‟ на својата политика, која има за цел, да ја унапредува во регионот соработката на Русија со други партнери во боласта на макроекономското управување, енергетската политика, заштитата на животната средина и други полиња. Со зголемувањето на својата улога, Балтичкиот регион се наоѓа на исто ниво како и европскиот средоземноморски регион. И денес Финска спаѓа во најактивните поборници за натамошно проширување на оваа регионална политика и во „Нордиската димензија‟ гледа гарант за сопствената безбедност.

**Финска и следната рунда на проширување**

Со оглед на своите тесни политички и економски односи со балтичките земји како и другите источно-европски земји, Финска беше активен поддржувач на првото проширување кон исток. Со извршувањето на првото проширување кон исток на 1 мај 2004 година беше исполнета една важна цел на Финска. Оваа земја особено позитивно го оценува фактот што со пристапувањето на балтичките земји јасно е зајакната „Нордиската димензија‟ на ЕУ, бидејќи оттогаш бројот на нордиските земји-членки е зголемен за три пати. Следствено, во проширената ЕУ, Финска, заедно со своите нордиски соседи, притиска за позасилено (финансиско) земање предвид на оваа политичка област.

Во поглед на државите што сé уште се надвор од ЕУ, Финска и во иднина ќе се противи на ограничувањето на ЕУ на европските пазари, а наместо тоа ги поддржува сите мерки за отворање на глобалниот пазар. Освен тоа, Финска поддржува повторно проширување на Унијата, бидејќи тоа се смета за елементарен гарант на стабилноста и безбедноста на цела Европа, а особено на Финска. И во економска смисла вклучувањето на други земји во внатрешниот пазар се оценува како голема предност.

Сепак, од гледна точка на Финска, такво потребно проширување не може да се случи по секоја цена, бидејќи проширувањето во никој случај не смее да ја загрози способноста за одлучување и ефикасноста на европските институции.

Покрај тоа, Финска се залага за тоа, да го насочи погледот и преку следната рунда на проширување. Пристапувањето на нови земји-членки ќе ја донесе ЕУ поблизу до границите на нестабилни региони како Белорусија, Молдавија и Кавказ, што значи

големи предизвици за граничната заштита, безбедноста и развојната помош. ЕУ мора да се постави пред овие предизвици, со тоа што и понатаму ќе развива една ефективна политика на соседство за овие региони и ќе ги поддржи земјите во транзиција што се наоѓаат надвор од нејзините граници.
Расположението во финскиот народ во поглед на проширувањето е во целина позитивно, но владата мора да има обзир за грижите во поглед на засилената имиграција од новите земји со овозможувањето на слободното движење на работната сила.

**Тактика:**

Од географски, политички и економски причини се залагате за прием на нови земји во ЕУ. Но, Вашата согласност ја врзувате за одредени услови, кои се насочени како кон сегашната ЕУ така и кон кандидатите за пристапување.

Во круговите на ЕУ најпрво пулсирате во насока на тоа дека пред нови пристапувања потребно е да се изврши реформа на институционалниот склоп, така што приемот на нови членки нема да има негативно влијание врз транспарентноста и способноста за дејствување на големата ЕУ. Во таа смисла се заложувате за брза ратификација на договорот за реформи од Лисабон и негово спроведување. Друг важен момент за Вас е проширувањето на Нордиската димензија на европската политика, особено во финансиски поглед. Обидете се, од Вашите партнери во ЕУ да добиете потврда дека финансиските средства за овој политички домен ќе бидат зголемени, односно дека барем нема да бидат намалени. Аргументирајте дека ваквата регионална соработа, а особено тесниот однос со Русија, се од стратешко значење за Европа и е релевантно по безбедноста.

Исто така заради заштита на домашниот пазар на труд како и смирување на Вашиот народ засилено се ангажирате за преоден период во областа на слободното движење на работна сила.

Инсистирањето на почитување на критериумите ја дефинира Вашата позиција во поглед на пристапувањето на сите заинтересирани земји. Ставете јасно до знаење дека блиските односи меѓу ЕУ и западен Балкан ги сметате за елементарни за натамошниот развој на регионот. Според Ваше мислење, во следните десет до петнаесет години веројатно сите земји од западен Балкан ќе имаат пристапено во ЕУ или ќе преговараат за нивно пристапување. Но, тоа може да се случи само врз основа на поставени критериуми, кои во моментот Хрватска не ги исполнува. Го делите мислењето на Судот за воени злосторства за поранешна Југославија дека особено Хрватска не соработува доволно со судот, бидејќи земјата не ги испорачува воените злосторници, по кои се трага.

Наспроти сите заговорници за пристапување, Вие јасно аргументирате дека ЕУ би ја изгубила сета веродостојност во поглед на човековите права и правната држава доколку попушти по оваа точка.

Во поглед на Турција се залагате за започнување преговори откако оваа земја ќе го спроведе својот реформски пакет, како што е побарано од Комисијата, на задоволителен начин. Сепак, Турција сѐ уште ја гледате далеку оддалечена од вистинска зрелост за започнување преговори.

# Франција (France)

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Парис (2,1 мил. жители) (бројки за 2004) |
| **Државно уредување:** | парламентарна претседателска демократија со две комори |
| **Површина:** | 543.965 км$^2$ |
| **Жители:** | 61,257 мил. |
| | |
| **БДП / жител:** | 36.500 УСД |
| **Стапка на раст:** | 2,0% |
| **Стапка на невработеност:** | 8,3% |
| | |
| **Јазици:** | француски |
| **Религии:** | римокатоличка 82%, муслимани 4-5 мил.; протестанти 0,8 мил.; Евреи 0,7 мил. |
| **Пристапување во ЕЗ/ЕУ:** | членка-основач |
| | |
| **Шеф на држава:** | Николас Саркози |
| **Премиер:** | Франсоа Филон |
| | |
| **Други информации:** | www.botschaft-frankreich.de |

www.weltalmanach.de (2009)

Вие сте претставник на Франција во Советот на Европската унија. Кратко по проширувањето со вкупно дванаесет нови членки од средна и источна Европа, Вие во наведената функција сте повторно конфронтирани со одлуката за нови барања за членство.

**Франција во ЕУ**

Франција спаѓа во коосновачите на европската интеграција, при што надминувањето на долгогодишното непријателство со соседот Германија како и создавањето на однос на доверба меѓу двете земји секогаш претставуваа водечки елементи во процесот на европско обединување. Од основањето на Европската заедница за јаглен и челик во 1952 година па до денес, речиси сите одлучувачки чекори за интеграцијата се сведуваат на единството во германско-францускиот „мотор". Така, Франција секогаш активно го туркаше напред развојот на ЕУ, но постојано водејќи се со промислена идеја да го оформува институционалниот склоп според своите замисли. Кон премисите на Франција спаѓа идејата за силна и независна Европа, способна за меѓународно дејствување, која во еден мултиполарен свет треба да формира еден од повеќето избалансирани центри на моќ, а со тоа и една контратежа кон САД. При реализацијата на ваквото „Europe Puissance", Франција традиционално се заложува за меѓудржавна соработка и создавање меѓусебна доверба отколку на супранационални институции.

При сиот ангажман за една обединета Европа, Франција е постојано заинтересирана за зачувувањето на една извесна водечка улога во Европа, за нејзиното соодветно влијание во склопот на европското одлучување како и на пренесувањето на француските структурни обележја на европско ниво. Така, потребно е да се сочува особено културниот и јазичниот диверзитет во Европа, а на францускиот јазик да му се даде соодветно место во европското разбирање. Исто така, и сочувувањето и

проширувањето на францускиот социјален и општествен модел, кој гарантира висок степен на државна социјална сигурност за целиот народ, е од голема важност за Франција.

Колку е голем стравот по однос на губењето на овие темелни општествени претстави во една растечка ЕУ и меѓу францускиот народ покажа негативниот исход од референдумот за договорот за европски устав (54,8 проценти Не-гласови). Ваквото гласање е исто така и јасен знак за тоа дека Французите се чувствуваат наттрчани и преоптоварени од темпото на активно вклучување на нивната влада во поглед на европската интеграција.

**Франција и следното проширување**

Франција гледа на процесот на проширување како на симбол за крајот на делењето на Европа. Спроведувањето на вредностите на мир, демократија и солидарност, коишто од основањето на Заедницата се наоѓаат во центарот на европската „изградба", претставуваат важен составен дел на француската политика. Проширувањето на Европската унија е последица на географската и историската логика на континентот, а истовремено и историски предизвик.

Франција во принцип се заложува за и ги поддржува условите за прием на Хрватска. Париз е особено подготвен за давање помош на билатерално ниво (на пример во обуката на службеници по европски прашања). Заедно со Германија, и Франција се залага за пристапување на Турција во ЕУ. Тука владата наведува безбедносно-политички како и културни причини. Од една страна Турција е од стратешки интерес за односот кон исламскиот свет и за стабилизација на целиот регион, а од друга страна ЕУ не смее да се сфаќа како „христијански клуб", туку како заедница на вредности врз основа на културната разноликост и толеранцијата.

Но, курсот на принципиелна отвореност за проширување на француската политичка елита при конкретни чекори на владата мора да се одмери со други сопоставени фактори на влијание. Еден од таквите фактори е фактот што позицијата на владата не е поддржана од значителни делови на населението. „Не" на Французите за европскиот устав во голем дел беше мотивиран од стравот од социјални последици и последици по пазарот на трудот од брзите едноподруго проширувања како и со јасното одбивање на пристапувањето на Турција. Задршките за пристапувањето на Турција почиваат на религиозните и географските реалности и на стравувањата од имиграцијата. Прашањето е, колку долго француската влада ќе може да застапува противставена позиција кон позицијата на својот народ. Прво излегување в пресрет постои во уверувањето дека францускиот народ конечно ќе гласа за пристапувањето на Турција преку референдум.

Како следен значаен фактор што ја отежнува безрезервната поддршка на новите рунди за проширување, важи француската загриженост за губење на влијанието во една проширена ЕУ. Притоа улога играат следните размислувања:

- со пристапувањето на други држави од источна Европа, внатрешниот пазар географски ќе се помести во полза на Германија;
- концентрацијата врз пристапувањето на други држави од источна Европа би можело да доведе до занемарување на акутното жариште на опасност – Средоземно море односно Северна Африка. Но, условено од традицијата, токму овде Франција има блиски врски и гледа значително посилна потреба од дејствување;
- приемот на други држави од источна Европа не е можен без реформи на аграрната политика. Но, со тоа се поврзани значителни загуби за земјоделците, кои предизвикуваат силна опозиција на француското аграрно лоби. Затоа Франција жестоко се противи на намалувањето на аграрните субвенции за старите членки на Унијата.

Франција и Босна и Херцеговина собраа добри заеднички искуства од долгогодишната добра соработка – одделението *Service de coopération et d'action culturelle* (Одделението за култура и соработка) што беше основано во Сараево непосредно по завршувањето на војната, следи една политика, при која на преден план се наоѓа поддршка на Босна и Херцеговина на институционално ниво. Во 2002 година, по повод посетата на министерот за надворешни работи Де Вилепин, беше потпишана француско-босанска Спогодба за културна, научна и техничка соработка. Во една земја, во која климата сé уште се карактеризира со интеретнички конфликти, нашата акција е одлучно ориентирана кон иднината, па оттаму е насочена, пред сé, кон босанската младина (млада публика и млади културни работници).

Ширењето на францускиот јазик и култура се реализира преку Францускиот институт (*Institut français)* во Босна и Херцеговина со своите канцеларии во Мостар, Бања Лука и Тузла како и преку Центарот „Андре-Малро" (Centre André-Malraux), основан во Сараево во времето на опсадата и чија функција е од битно значење како културен мост и јазичен центар.

Од 2004 година наставата по француски јазик, која доживеа големи загуби, доби нови импулси во рамките на програмата „Едук-акција" (Educ-action) (стипендии, покани, јазични престои, обуки и специјализирани курсеви по француски јазик, особено за службеници). Меѓудржавната спогодба, потпишана меѓу Франција и Босна и Херцеговина во 2006 година, нуди соодветна рамка за настава по француски јазик низ целата земја. Во 2007 година треба да се отвори Катедра за француски јазик при Универзитетот Бања Лука (РС). Во наставата по странски јазици во училиштата тежиштето се наоѓа во усовршувањето на билингвалните гранки во Сараево и Мостар како и на акции во доменот на работа со младите (програми за размена за француски и босански младинци, обука на млади наставници).

Во областа на универзитетското образование и истражувањата напорите се концентрираат на развојот на универзитетски и истражувачки партнерства, зголемувањето на стипендиите, поддршката на истражувачки проекти и на универзитетската размена. Соработката со НВО-ата се заснова на систем на субвенционирање, при што субвенциите, во прв ред, се наменети за партнери, кои се активно ангажирани во младински проекти. Покрај тоа, на располагање се

ставаат и субвенции за поддршка на локални актери во запоставени региони на земјата.

Медицинската соработка се гледа во поддршката на француското здружение МФБХ (Медицина Франција Босна и Херцеговина) што е активно веќе долги години. Во областа на судството беа испратени двајца француски правни експерти во државниот суд на Босна и Херцеговина: една адвокатка по меѓународно право од ноември 2006 година и еден судија. Во моментот се изработуваат проекти, за да може од француското експертско знаење да се извлече корист во областа на судството за млади и адвокатурата. Освен тоа, Францика финансира активности во областа на полициската соработка. Административната соработка доаѓа до израз во 2007 со обуката на два босански студента на Универзитетот за администрација ЕНА. Развојот на туризмот е уште една област, во која Франција става на располагање знаење, особено со присуство на еден технички асистент.

Веќе постојат погодни инструменти, како на пример „Десет дена на франкофонијата", културно случување што се организира низ целата земја. Направена е програма за поддршка во објавувањето француски дела. Литературната манифестација „Rencontres européennes du Livre" што се одржува секоја година, е најголемата манифестација од ваков тип во овој дел на Европа. Исто така, се поддржуваат уметноста, музиката, театарот, архитектурата и културното наследство.

Со оглед на постоечката испреплетеност на општините и регионите, децентрализираната соработка е сé уште ограничена, при што постои опасност, таа целосно да подлегне. Здруженијата на француските општини би можеле да бидат заинтересирани за соработка во областите: еко-туризам, еколошко земјоделство и енергија. Така на пример, на иницијатива на регионот Оверњ се разви соработка со кантонот Централна Босна (Травник), при што во декември 2006 година градовите Мило и Мостар потпишаа Договор за соработка. Во моментов се испитува можноста за проект за партнерство меѓу Мостар и Сен Дени. На 19 април 2007 година се одржа семинар, кој имаше три цели: една нова динамика за децентрализираната соработка, воспоставувањето на мрежа на збратимени градови и воспоставување на соработката на регионално ниво.

*Интензивни односи постојат исто така и меѓу Македонија и Франција. Сепак, овие односи не треба да доведат до заблуда, имајќи го предвид фактот дека Франција ја поддржува позицијата на Грција по однос на прашањето за „спорот со името" (за разлика од Германија, Италија и Велика Британија).*

Во јануари 1998 година двете земји потпишаа договор за културна, научна и техничка соработка. Финансиските средсства, кои стојат на располагање за нашата соработка со Македонија, во прв ред се наменети за јакнење на правната држава, обука на македонски менаџери и унапредување на францускиот јазик.

Програмата за обука за идни раководители во администрацијата, која тече од 2002 година, продолжува и се надополнува со една активност за поддршка на „Академијата за судии и јавни обвинители", основана пред кратко време со цел за обука и усовршување на судии и други лица вработени во судството.

За франкофоните македонски и албански студенти, во соработка со француски универзитети и истражувачки лаборатории, е воспоставена програма за размена и стипендии со тежиште во областа на управувањето.

Поддршката на раната настава по француски јазик, создавањето на мрежа на билингвални одделенија, обуката на педагошки координатори и засиленото присуство во големите универзитети во земјата (Битола, Тетово и Скопје) ги претставуваат четирите насоки на нашата јазична соработка.

Францускиот културен центар во Скопје, основан во 1972 година, е најстарата постоечка странска културна установа во земјата. Овој центар претставува центар на нашата културна и уметничка соработка во таа смисла што обезбедува ширење на француското културно создавање и истовремено промовира активности во областа на обуките и експертското познавање во полза на локалните структури.

Исто така, Франција отсекогаш одржувала добри контакти со Србија и ја поддржува Србија на нејзиниот пат кон Европската унија. Сепак, оваа близина кон Србија не смее да доведе до заблуда, бидејќи Франција, заедно со Германија, ја признаа независноста на Косово во февруари 2008 година како први држави од Европската унија. Во меѓувреме, вкупно 22 држави на ЕУ го признаа Косово како суверена држава.

Вашата влада го поздравува апсењето на Радован Караџиќ во 2008 година. Ваквиот развој го оценувате како особено позитивен знак за Србија. Истовремено јасно укажувате на тоа дека ваквиот единечен успех од гонењето не е доволен и дека и понатаму јасно мора да се трага по воени злосторници во бегство. Од независниот Меѓународен суд за поранешна Југославија (МСПЈ) и понатаму барате интензивен ангажман и висока затворска казна за Караџиќ.

**Тактика:**

Севкупно Вие се залагате за нова интеграција, што одговара на Вашата историска улога. Сепак, имате одредени стравувања по однос на можната загуба на Вашата улога на водечка сила во процесот на интеграција. Исто така, и кон надвор ќе поддржувате брза интеграција, но и се обидувате да извлечете што е можно повеќе од тоа и да се погрижите за тоа, притоа Германија да преземе голем дел од трошоците.

Сепак, заедно со Германија се обидувате да создадете добра стартна позиција за државите од западен Балкан.

По однос на прашањето за проширување нагласете дека во принцип за сите држави е можен прием, ако на крајот на преговорите се исполнети сите критериуми без компромис. За преговорите предложете ги следните принципи:

1. преземање на *acquis*, тоа значи на сите европски права и обврски од страна на кандидатите за членство. На тој начин проширувањето нема да повлијае на заслабување на Унијата и нејзината политика. Франција нема да прифати сведување на Европа на една зона за регионална економска интеграција.

2. за големината на идната Европа и намалената хомогеност да не претставуваат пречка за земјите, кои сакаат да преземат дополнителни чекори во интеграцијата, потребно е да се воведе една „продлабочена соработка", како што е предвидено во Договорот од Амстердам. На тој начин нема да се создаде една Европа „а ла карт", во која секој ќе го зема посакуваното, ниту ќе се создаде една „цврсто јадро", кое ќе

ги истурка надолу, во „втора лига", сите оние што не припаѓаат таму, туку треба да се создадат инструменти за да се продолжи изградбата на Европа во нов контекст.

Во поглед на Вашиот народ кој е критички настроен кон проширувањето, треба добро да ги одмерите аргументите за прием на нови членки во ЕУ и да навлезете во стравовите на Вашите гласачи. Така на пример укажете на тоа дека токму преговорите со Турција мора да се протегаат во долг временски период во интерес на сите, сé додека земјата фактички стане подготвена за прием. Имајќи обзир за Вашиот народ ставете јасно до знаење дека онаа Турција што ќе пристапи во ЕУ, не е Турција од денес.

Освен тоа, како нето-примател во аграрната политика на Унијата, особено сте заинтересирани за преодните рокови во аграрот и против брзото интегрирање на новите држави во системот на субвенционирање на ЕУ. Познато Ви е силното влијание на аграрното лоби на Вашата земја и сакате, по можност, да избегнете конфронтација со оваа група на интерес. Затоа се обидувате да спречите брзи сечења за старите земји-членки. Тука имате можност за кроење решение во пакет, бидејќи знаете дека Германија се залага за преодни рокови особено во областа на слободното движење на работна сила.

Сепак, не заборавајте дека француската јавност мошне критички се противставува на брзото и, можеби преизбрзано, проширување на Европската унија.

Стоите пред тешката задача да го туркате напред процесот на проширување, а сепак морате да го избегнете впечатокот дека давате јасни одобрувања и ветувања, особено на адреса на Турција.

# Италија (Italia)

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Рим (2.653.200 жители) (сите бројки за 2004) |
| **Државно уредување:** | република, парламентарна демократија со двокоморен систем |
| **Површина:** | 301.336 км² |
| **Жители:** | 58.843.000 (2006) |
| | |
| **БДП / жител:** | 31.991 УСД |
| **Стапка на раст:** | 2,9% |
| **Стапка на невработеност:** | 6,1% |
| | |
| **Јазици:** | италијански; малцинства: јужен Турол (германски, ладиниски), аостатал (француски), фриуал (словенечки) |
| **Религии:** | јасно преовладува римско-католичка; муслимани над 1 мил., будисти 120.000, протестанти 50.000, Евреи 40.000 |
| | |
| **Пристапување во ЕЗ/ЕУ:** | членка-основач |
| | |
| **Шеф на држава:** | Џорџо Наполитано |
| **Премиер:** | Силвио Берлускони |
| | |
| **Други информации:** | www.ambberlino.ersteri.it |

www.weltalmanach.de (2009)

Вие сте претставник на Италија. Во оваа функциија, кратко по последните проширувања со дванаесет земји од средна и источна Европа, повторно сте конфронтирани со одлуката за барања за нови пристапувања.

**Италија во ЕУ**

Италија е копотписник на Римските договори од 1957 година, членка на НАТО и на Западноевропската унија. Од големата четворка на Европската унија (Германија, Франција, Велика Британија и Италија) таа важи за земја со најголемо одушевеност за Европа. Сепак, ваквата про-европска политика во минатото имаше, пред сé, вантрешно-политички причини и во последните години се промени во попрагматички, донекаде и покритички, курс.

Грижи за италијанската влада претставуваат нападите од страна на народот кон (делумно илегалната) работна сила од Романија. Прифатеноста на луѓе од новите и посиромашни земји на Европската унија во моментот е мошне мало.

Во врска со различните институционални реформски напори на ЕУ, Италија застапува во принцип една позиција, која е мошне отворена кон интеграцијата и се изјаснува за јакнење на супранационалните елементи во институционалниот склоп (Комисијата, Европскиот парламент и Советот).

Од политичките области на ЕУ, три се особено битни за Италија. Со оглед на својата географска полижба, оваа земја е активен поборник за европската средоземна

политика, која во рамките на Процесот од Барселона се залага за создавање интензивно партнерство со другите земји што лежат на Средоземното море. Во тесна поврзаност со ангажманот на Италија за вакви соседски односи се наоѓаат напорите на земјата, на европско ниво да се дојде до една заедничка политика за азил и целоевропско решение за проблематиката на илегалната имиграција од Северна Африка. Конечно, оваа земја засилено се залага за проширување на трансевропските инфраструктурни мрежи како фактор за поголема интеграција и мотор на економскиот раст во Европа.

## Италија и следното проширување

Од почетокот на европското обединување, Италија ги поддржа сите мерки насочени кон продлабочување на Заедницата. Затоа и сите досегашни проширувања беа оценети како позитивен развој за Европската унија. Со оглед на фокусирањето на интересот на Средоземјето, оваа земја го поддржа и проширувањето на ЕУ кон југ (приемот на Грција, Шпанија и Португалија), иако со овие три земји таа доби конкуренти за јужниот аграрен пазар.

Ваквото позитивно основно позиционирање Италија го задржа со оглед на претстојните рунди на проширување. Но, во последно време постојат грижи дека приемот на нови членки би можел негативно да повлијае врз некои од елементарните интереси на својата земја. Како што беше случај при првото проширување кон исток постои грижата дека поместувањата на географскиот акцент, што оди паралелно со проширувањето, би можело да доведе до политичко и економско запоставување на Средоземноморскиот регион. Индустриите во Средоземјето стравуваат од надоаѓачката конкуренција како и за својот удел во европската структурна помош. Освен тоа, Италија во проширувањето ја гледа и опасноста од запоставување на европската политика за Средоземјето. Со оглед на својата географска положба, Италија е особено изложени на несигурности, кои произлегуваат од северно-африканските соседни држави: растечкиот меѓународен тероризам, исламистичкиот фундаментализам и прекуморската илегална имиграција.

На Италија особено на срце и лежи секако пристапувањето на неколку кандидати поради концентрацијата кон Средоземноморскиот простор. Ова особено важи за приемот на државите од западен Балкан, особено за Хрватска како квази источен сосед на Италија како и на земјите од Јадранот. Секако, во овој контекст за италијанската влада е битно целосно решение за конфликтите на Балканот, бидејќи бегалските струи како последица на таквите конфликти особено интензивно ја погодуваат Италија, како и демократизацијата и стабилизацијата на регионот.

Откако во февруари 2008 година Германија и Франција ја признаа независноста на Косово и Италија тргна по тој пат, исто како што беше случај и со деветнаесет други земји на ЕУ. Истовремено Италија го нагласува пријателството меѓу Италија и Србија.

Но, во дискусијата за проширувањето во центарот на вниманието се́ поизразено доаѓаат финансиски аспекти. Италија, која мораше да прифати големи „сечења", за да ги исполни критериумите за еврото, стравува од зголемени трошоци, кои би можеле да се појават за земјата со проширувањето. Затоа земјата се залага за тоа, проширувањето да не смее да оди на нејзин финансиски товар.

Конечно за италијанската влада е важно и тоа, покрај напредокот во проширувањето да не се изгуби идејата за продлабочување и да се задржи способноста за дејствување на институциите, па затоа како предуслов за следното проширување бара, одлучувањето со квалифицирано мнозинство во Советот да стане правило. Исто така, и во важни политички области, особено во заедничката надворешна и безбедносна политика, мора да се направи квалитативен напредок за да се гарантира ефективно дејствување на ЕУ на глобално ниво.

Иницирано од еден говор на италијанскиот претседател на 10.02.2007 година по повод 60 годишнината од отцепувањето на италијански региони во Истра, Далмација и јулска Венеција (согласно Парискиот мировен договор од 1947 година), хрватскиот претседател Стипе Месиќ му забележа на својот колега Џорџо Наполитано „отворен расизам, историски ревизионизам и политички реваншизам". Наполитано, покрај жртвите од масакрот на трупите на водачот на југословенските партизани, Тито, врз Италијани во Истра по Втората светска војна се пожали дека преку грозоморните дела биле спроведени „ плановите за анексија на Словените", а заедно со тоа и „етничко чистење" на полуостровот. По остриот протест на италијанскиот министер за надворешни работи Масимо Д'Алема на 18.02., Месиќ ги повлече изјавите во секаква форма и во сета нивна содржина. Исто така, и ЕУ-Комисијата го опомена хрватското раководство, да не се „губи" во изборот на зборови. За возврат италијанската влада увери дека таа во никој случај не се стреми кон ревизија на мировниот договор склучен со поранешна Југославија и безрезервно ја поддржа кандидатурата на Хрватска за зачленување во ЕУ.

На почетокот од 2008 година се чинеше дека преговорите со Хрватска заглавија: еднострано прокламираната рибарска зона на хрватските територијални води од 1 јануари 2008 година ги обремени односите на Хрватска со своите ЕУ-соседи Италија и Словенија како и со самата ЕУ. Официјално Загреб говореше за еколошка зона за заштита на рибниот фонд на Јадранското море. Но, Хрватска истовремено бараше меѓународни територијални права надвор од своите територијални зони. Самата зона опфаќа 25.000 километри квадратни. Хрватската страна притоа се повика на меѓународното право и укажа на тоа дека веќе постоеле такви конкретни случаи во регионот: и Италија и Словенија еднострано прокламирале такви зони.

Словенија и Италија ја одбија ваквата претстава како неисправна и нагласија дека тие никогаш не се обиделе еднострано да прошират територијални права на Јадранот и на тој начин таму да создадат нови меѓународно-правни факти, повикувајќи се притоа на рибниот фонд.

Во спорот на името со Македонија, Италија, слично како и Германија, зазема повеќе неутрална позиција. Сепак, за вас е неразбирливо, од кои причини уставното име „Република Македонија", кое е во меѓувреме признато од 120 држави, не се признава од Грција. Вие, како неутрален посредник, би можеле да се потрудите да се постигне договор, за да може и Грција да се согласи на приближување на Македонија во ЕУ.

**Тактика:**

Како претставник на Италија вие во целина го поддржувате повторното проширување на ЕУ со земји што искажуваат волја за пристапување.
Но, имате сомнежи за неговата реализација и морате да ги имате предвид внатрешно-политичките и финансиските последици. Во Вашиот хоризонт особено го имате Вашиот народ. Пред да се согласите за пристапувањата, поставувате неколку барања:

- *земјите што искажуваат волја за пристапување мораат постепено да ги преземаат правните прописи на Заедницата, дури потоа е можен прием;*
- *заедничната аграрна политика мора да биде прилагодена на барањата на една проширена унија, без притоа натпропорционално да бидат запоставени старите примател на субвенции;*
- *Средоземноморскиот регион не смее да излезе од видно поле. Вие барате јасно искажување на ЕУ за активна средноземна политика и по проширувањето;*
- *проширувањето е нереално без соодветните финансиски дотации, но ваквото зголемено оптоварување мора да го сносат воглавно финансиски моќните држави;*
- *мора да се постигне значителна хармонизација на правните прописи во одделните држави на полето на слободното движење.*

Како „преговарачки материјал“ го ставате барањето за засилена помош за структурно слабиот јужен дел на Италија како и помали трошоци на проширувањето за Вашата земја. Конечно барате поддршка од Франција и Германија, за да можете да амортизират можни финансиски оптоварувања.

Можете да се обидете да најдете партнер за Вашите интереси во Шпанија. Но, не заборавајте дека со Шпанија сте на сосем различно мислење во поглед на Косово.
Истовремено го поддржувате процесот на пристапување за Србија. Но, по Ваше мислење, тоа не смее да оди на товар на другите кандидати за пристапување.

## Литванија [ Lietuva]

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Вилниус (550.000 жители) |
| **Државно уредување:** | парламентарна демократија, изразени претседателски елементи |
| **Површина:** | 65.301 км² |
| **Жители:** | 3,394 мил. |
| | |
| **БДП / Жител:** | 7.930 евра |
| **Стапка на раст:** | 7,7% |
| **Стапка на невработеност:** | 4,3% |
| | |
| **Јазици:** | литвански |
| **Етнички групи:** | 83,5% Литванци, 6,3% Руси, 6,7% Полјаци, 1,2% Белоруси, 0,7% Украинци, 0,1% Евреи, 1,5% други националности (2002) |
| **Религии:** | претежно католичка, освен тоа руско-православна, протестантска, еврејска |
| | |
| **Пристапување кон ЕУ/ЕЗ:** | 1 мај 2004 |
| | |
| **Претседател:** | Валдас Адамкус |
| **Премиер:** | Гедиминас Киркилас |
| | |
| **Контакт:** | www.botschaft-litauen.de |

www.weltalmanach.de (2009)

Вие сте претставник на Литванија во Советот на Европската унија. Од 1 мај 2004 година Вашата земја е членка на ЕУ. Во оваа функција владата е сега конфронтирана со одлуката за новата рунда на проширување на Заедницата.

**Литванија во ЕУ**

Денешната држава Литванија е основана во 1918 година, но ја стекна својата независност дури 1990 година, по 50 години странско владеење. Мнозинството од населението во зачленувањето на земјата во ЕУ и НАТО ја гледа единствената вистинска гаранција за сочувување на независноста. Литванија се граничи со Полска, Летонија, Белорусија и руската енклава Кенигсберг. Според картографите, 25 километри северно од Вилна, во селото Бернотај се наоѓа географскиот центар на европскиот континент.

Интеграцијата на земјата во западните структури, тоа значи во ЕУ и НАТО, долго време претставуваше најважен надворешно-политички приоритет, кој денес е реализиран. Во декември 2002 година литванската влада го потпиша Договорот за пристапување во ЕУ, кој беше јасно потврден на референдум во мај 2003 година со 91 процент гласови „да“ на литванскиот народ. Од 1 мај 2004 година Литванија е членка на ЕУ.

Првата година од своето членство Литванија ја искористи за етаблирање и зацврстување на своето содејствување во европските институции. Со оглед на своите историски и географски врски, земјата содржински и придава големо

значење на надградбата на регионалната соработка во балтичкиот регион, особено со двете други балтички земји. Тука земјата се гледа како географски центар на интеррегионалната соработка. Литванската влада се залага за тоа на оваа тема да и се посветува поголемо внимание на европско ниво.

Делумно обременетите односи со Русија се подобрија (меѓу другото Литванија им даде државјанство и на руските граѓани во земјата) и за Литванија е важно да ги интензивира ваквите пристапи за соработка и на европско ниво во рамките на односите меѓу ЕУ и Русија. Во тој контекст Литванија се грижи и за напредокот во согласувањето по однос на енклавата Калининград.

Во европската надворешна политика Литванија мошне јасно се залага за јакнење на трансатланските односи како и за силна улога на НАТО.

## Литванија и следната рунда на проширување

Со Литванија, кон Европската унија пристапи една земја, која во Заедницата со себе носи голем степен на познавања за новите соседи на ЕУ во источна Европа и голем број билатерални контакти. Имајќи го тоа предвид, оваа земја спаѓа во најјасните заговарачи за една активна политика на проширување на ЕУ, особено во насока кон источна Европа.

Основната идеја на оваа политика на отвореност кон земјите што искажуваат волја за пристапување се потпира на убедувањето дека демократската трансформација на овие земји претставува основа за стабилноста и успехот во Европа, денес и во иднина. За Литванија јасно надвладуваат предностите од идните проширувања за двете страни: за земјите-кандидати тоа значи насочување кон безбедност, стабилност и раст по еден период на конфликти и без слобода, а и за ЕУ проширувањето носи предности на повеќе фронтови. Покрај предност во регионалната стабилност и јакнењето на влијанието како глобален актер, Литванија упатува на тоа дека секое проширување досега претставувало и катализатор за институционален напредок во самата ЕУ. Во таа смисла литванската влада се залага за тоа да нема однапред затвореност кон ниедно барање за пристапување, туку постојано да се биде отворен за иден развој.

Едвај да постои земја од ЕУ што е толку отворена и без предрасуди кон други нови рунди на проширување. Литванија не ја исклучува ниту Турција од самиот почеток, иако јасно бара исполнување на критериумите од Копенхаген.

За подготовка на идните чекори Литванија бара брза имплементација на една активна политика за соседството на ЕУ на исток, која треба да ги поддржува тамошните држави во нивните трансформациски процеси. Само со таква поддршка и со отворањето на јасни перспективи за пристапување, може да успее целосната демократизација. Во рамките на политиката на соседство, Литванија се стреми и за потесна соработка со Русија.

**Тактика:**

Како претставник на Литванија Вие сте еден од најжестоките и најрадикални поборници за една опширна политика на проширување. Во смисла на горенаведената аргументација, Вие ја поддржувате активно не само интеграциската политика на државите со волја за пристапување, туку и во самата ЕУ се залагате за еден јасен курс на проширување. Укажувате на тоа дека е единствено консеквентно аргументите од типот демократизација, стабилност и економски полет, кои беа наведувани за сопственото пристапување, сега да важат и за новите кандидати за пристапување. Според Ваше мислење вратите треба да останат отворени за сите нации, кои го избрале патот на демократијата и пазарната економија. Од ЕУ барате да биде испратен јасен сигнал до можните кандидати: строгото обврзување кон овој пат ќе води кон успехот! На скептиците во ЕУ им се спротивставувате со тоа дека Заедницата ја губи својата смисла и својата мисија како *глобален играч* без перспективата на пристапување. За Вас пристапувањето на Хрватска во блиска иднина воопшто не е доведено во прашање.

Слично аргументирате и во случајот на Турција, во која гледате важен политички, економски и културен партнер. Затоа, според Вас, потребно е да се започне што поскоро со преговорите за пристапување. Покрај порастот на стабилноста во регионот, со пристапувањето на Турција значително би се зајакнало влијанието на ЕУ на Средниот Исток и во Кавказ, а Заедницата би прераснала во една водечка мултикултурна и мултирелигиозна сила. Во преговорите со Турција од неа барате натамошно консеквентно спроведување на започнатите реформи, а особено нивно подобро имплементирање.

Логична е Вашата поддршка на барањата за пристапување на други држави од Балканот, при што инсистирате на безусловна соработка со Судот за воени злосторства. Признавањето на Косово беше внатрешно-политички спорна тема повеќе месеци, но сега му подавате рака и на независно Косово. Но, Вашите долгорочни цели одат и преку рундата на проширување со актуелните кандидати за пристапување. На долги патеки во ЕУ ги гледате и Белорусија, Молдавија, Украина и Грузија.

Сепак, ваквото гледиште не би требало да го изјаснувате сосем јасно, бидејќи сте свесни дека на тој начин би предизвикале силен отпор во ЕУ. Наместо тоа за почеток активно залагајте се за воспоставување програми за соседство со овие земји.

Во принцип, при реализацијата на Вашите позиции, Вие секако сте упатени на партнери и коалиции. Голем број држави-членки на ЕУ ни оддалеку го немаат Вашиот позитивен став кон ново проширување. Традиционално трите балтички земји честопати говорат со еден глас. И во Полска би можеле да најдете партнери за Вашиот курс на проширување. Но, бидете подготвени да изнаоѓате и компромиси, бидејќи во спротивно ќе се соочите со опасноста да бидете изолирани.

## Луксембург (Luxembourg)

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Луксембург |
| **Државно уредување:** | големо војводство |
| **Површина:** | 2.586 км² |
| **Жители:** | 462.000 |
| **БДП според паритет на куповна моќ / жител:** | 71.240 УСД |
| **Стапка на раст:** | 6,2% |
| **Стапка на невработеност:** | 4,1% |
| **Јазици:** | луксембуршки, германски, француски |
| **Религии:** | 86% католици |
| **Етнички групи:** | 60% Луксембуржани, 40% странци |
| **Пристапување во ЕЗ/ЕУ:** | членка-основач |
| **Шеф на држава:** | Голем Херцог Хенри |
| **Премиер:** | Жан-Клод Јункер |
| **Други информации:** | www.mea.lu |

www.weltalmanach.de (2009)

Вие сте претставник на Луксембург во Советот на Европската унија. Луксембург, како членка-основач на ЕЗ, веќе беше вклучена во бројни одлуки за проширување. Кратко по последното проширување на исток, оваа земја повторно е конфронтирана со барања за пристапување од источна и југоисточна Европа.

**Луксембург во ЕУ**

Надворешната политика на Луксембург отсекогаш се карактеризирала со две нешта: безбедност и интеграција во една голема економска зона. Уште пред основањето на ЕЗЈЧ во 1952 година, Луксембург, заедно со Белгија и Холандија во 1948 година се приклучи во економската унија БЕНЕЛУКС. Од почетоците на процесот на европска интеграција, Луксембург водеше една мошне европски центрирана политика. Како мала држава, Луксембург е заинтересирана за сигурно и стабилно опкружување. Следствено европската интеграција во Луксембург се оценува како инструмент за обезбедување на мирот. Освен тоа, во мултилатералната соработка оваа земја ја гледа најдобрата можност за сочувување на својата независност и тежината на својот глас во светот. Оваа земја навистина профитираше од развојот на Европската унија, особено од европските институции што се сместени во Луксембург. Таа традиционално презема една функција на посредник во процесот на европско обединување.

Луксембург има јасен интерес за продолжување на продлабочувањето на Европската унија. Сепак, оваа земја, како втора најмала членка, е загрижена за состојбата со помалите држави и нивните можности за влијание во иднина. Луксембург и понатаму сака да се наоѓа во центарот на Европската унија и нејзините институции и сака да ја врши својата улога на традиционален посредник.

**Луксембург и следната рунда на проширување**

Луксембург има добар однос со најголем дел од земјите на источна и југоисточна Европа, особено со Романија, каде до денес сé уште живеат поколенија на луксембуршки иселеници од 12 и 18 век. Сепак, следното проширување ја засега земјата повеќе индиректно, со оглед на нејзината внатрешно-европска положба. Со интеграцијата на други држави луксембуршката влада во прв ред се надева на стабилизација на политичката состојба на целиот континент. Оттаму оваа земја го поддржува продолжувањето во временскиот план за проширување.

За луксембуршката влада е важно, одлуката за нови пристапувања да се носи само на основа на индивидуално и објективно оценување на постигнувањата на одделните земји-кандидати, а не во вид на политички блок-одлуки.

Критички поглед имате кон Босна и Херцеговина по однос на соживотот на христијаните и муслиманите. За вас одлучувачки критериум претставува мирниот соживот на религиите.

И Република Македонија (мнозинство христијани) и Косово (мало малцинство христијани) обединија две големи религиозни групи во своите земји, но во минатото дојде до тензии, не само од тие причини.

По однос на спорот со името, Луксембург дејствува мошне внимателно и од своја страна не се осудува на јасно позиционирање. И по ова прашање повеќе се гледате во улога на посредник.

Како проблеми на новото проширување воглавно се наведуваат финансиските оптоварувања (Луксембург е најбогата држава во Европа, а со тоа и нето-плаќач) како и намалувањето на влијанието на Луксембург врз одлуките во една проширена ЕУ. Овие две точки играат голема улога за земјата во претстојните преговори.

**Тактика:**

Во основа сте за продолжување на европското проширување, но барате стриктна примена на критериумите од Копенхаген за одделните кандидати за пристапување, пред да може да дојде до прием. Пред да дадете согласност за прием на нови членки, барајте во ЕУ-круговите реформи во скапата аграрна и структурна политика. Освен тоа, барајте гаранции за да остане влијанието на малите земји и подеднаквиот третман за сите земји-членки во проширената ЕУ како и за тоа да нема чекори наназад во интеграцијата. Под овие услови јасно го поддржувате проширувањето.

За Хрватска гледате можност за пристапување во поблиска иднина, но залагајте се за тоа контролата на реформските чекори да се почитува во пракса и по потпишувањето на договорот за пристапување, па сé до фактичкото пристапување, за при можни изоставања да може да се реагира веднаш. Генерално, иднината на Балканот долгорочно ја гледате во ЕУ. Конкретно во поглед на земјите од западен Балкан сепак нагласувате дека клучот за почетокот на преговорите за пристапување се наоѓа во главните градови на земјите. И кога сакате да избегнете негативен знак за реформскиот процес на целиот Балкан, преговорите со Хрватска за Вас доаѓаат предвид само ако земјата соработува со Судот за воени злосторства за поранешна Југославија во задоволителна мера.

Од Турција барате консеквентна имплементација на донесените реформи (особено втемелувањето на човековите права) и поддршка на процесот на мир и соработка на кипарскиот остров. Доколку тоа биде исполнето, ги поддржувате преговорите за пристапување.

Покрај самото проширување, за Вас е важно да се грижите за спроведување на Вашите интереси, во прв ред сочувувањето на луксембуршкото влијание во ЕУ. Тоа значи дека Луксембург и понатаму мора да биде земан предвид во доволна мера. Обидете се да склучите „пакет-договор‟, така што на друго место ќе дадете согласност, а за самите себе ќе си обезбедите влијание. Но, јасно укажете на тоа дека, географски гледано, сте мали, но на економско поле имате големо влијание, пред сé, во финансискиот сектор.

# Малта [Malta]

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Ла Валета |
| **Државно уредување:** | република |
| **Површина:** | 315,6 км² |
| **Жители:** | 82.375.000 |
| | |
| **БДП според паритет на куповна моќ / жител:** | 15.300 УСД |
| **Стапка на раст:** | 3,4% |
| **Стапка на невработеност:** | 6,4% |
| | |
| **Јазици:** | малтешки, англиски и делумно италијански како јазик во секојдневието |
| **Религии:** | 95,2% католици |
| **Етнички групи:** | Малтежани |
| **Пристапување во ЕЗ/ЕУ:** | 2004 |
| | |
| **Шеф на држава:** | Едвард Фенеч-Адами |
| **Премиер:** | Лауренс Гонзи |
| | |
| **Други информации:** | maltaembassy.berlin@gmx.net |

www.weltalmanach.de (2009)

Вие сте претставник на Малта во Советот на Европската унија. Од 1 мај 2004 година Вашата земја е членка на ЕУ. Во оваа функција сега сте конфронтирани со одлуката за следната рунда на проширување.

**Малта во ЕУ**

Островот Малта, кој заедно со приклучениот помал соседен остров Гозо на Средоземното Море лежи меѓу Сицилија и африканскиот брег, има зад себе една мошне променлива историја. Со оглед на стратешки поволната местоположба на Средоземното Море, овој остров во текот на времето бил различно поседуван. По владеењето на Феникијците, Картагинците и Римјаните под византиското царство Малта западна под власта на Арабијците, Норманите и, на крај, Сицилијанците. Клучен датум во историјата на Малта претставува 1523 година, кога островот беше запоседнат од орденот на Јоханитерите од Ерусалим. По краткото француско владеење, во 1814 година Малта по своја волја стана дел од Велика Британија, а во 1964 доби своја независност.

Во политичкото случување во Малта доминират, пред сé, две големи партии, Работничката партија и Националистичката партија. Двете досега наизменично го имаа мнозинството во малтешкиот парламент, а со тоа и владата на земјата.

Во поглед на пристапувањето во Европската унија, во Малта не владееше надреден политички консензус. Во 1990 година Малта, под владата на Националистичката партија, го поднесе барањето за прием во ЕУ, кое, пак, владата на Работничката партија, избрана во 1996 година, го одложи. По промената на владата во 1998 година Малта го обнови своето барање за пристапување. Од тој момент пристапувањето во ЕУ беше најважната надворешно-политичка цел на Малта. На

референдумот од 8 март 2003 година, 53,6 проценти од Малтежаните гласаа за пристапување во ЕУ. Следејќи го трендот од референдумот и поздравувајќи го приближувањето кон ЕУ, во 2003 година Националистичката партија повторно беше избрана. На 1 мај 2004 година Малта пристапи во ЕУ, со што го замени Луксембург како најмала европска земја.

Со својот устав од 1987 година Малта има зацртано неутралност, што беше уште еднаш завцврстено и со договорот за пристапување во ЕУ. На тој начин Малта консеквентно ја продолжува својата досегашна политика на неутралност и слобода од блокови.

Малта води една медитерански ориентирана надворешна политика и, покрај добрите односи со својата поранешна колонијална сила, Велика Британија, негува тесни контакти со Италија, САД и земјите од Северна Африка, особено со Либија. Со својата географска положба Малта го внесува своето стратешко значење во ЕУ и се смета за „мост над Средоземното Море‟, кој создава врски меѓу ЕУ и северно-африканските земји.

**Малта и проширувањето**

Малта во основа има отворен став кон повторно проширување на ЕУ. Во продолжувањето на курсот на проширување земјата гледа силен поттик за земјите што искажуваат волја за пристапување за одлучно продолжување на позитивните реформи со цел да станат дел од европскиот проект. Ваквиот реформски мотив оди во прилог на целиот континент, бидејќи на тој начин стабилноста може да биде долгорочно загарантирана.

За земји, чија политичка и економска состојба не дозволува скорешно пристапување, Малта притиска за надградување на политиката на соседство, за и таму да може да се постигне стабилизирачки ефект. Во рамките на ваквите соработки на преден план особено се наоѓаат контролата на миграциските движења, јакнењето на човековите права, демократизацијата, борбата против тероризмот и унапредувањето на една позитивна инвестициска клима.

Затоа Малта во принцип е заговорник за сите земји што се заинтересирани за пристапување. Таа е отворена и кон брзо пристапување на Хрватска како и кон пристапувањето на Турција, каде јасно се заложува за забрзување на приближувањето и давање обврзувачки одобрувања на адреса на Турција.

Нешто покритичка е политиката на Малта во однос на Босна и Херцеговина. Владата на Малта стравува од расцепување на државата, па затоа од различните етнички групи бара да ги надминат религиозните разлики и да вложуваат во единството на државата. Само така луѓето во овој регион можат да се надеваат на пристапување во ЕУ.

Малта ја призна независноста на Косово.

**Тактика:**

Како претставник на Малта Вие, во принцип, го поддржувате приемот на други земји во ЕУ. Но, Вашата согласност ја врзувате за условот земјите да бидат примени само ако се способни за целосно исполнување на критериумите од Копенхаген и ако нивните политички и економски системи се стабилни.

Вам Ви е важно интеграцијата на новите членки да не ја поткопува, туку да ја поддржува социјалната, политичката и економската кохезија во ЕУ.

Од разните кандидати за пристапување особено посакувате прием на Хрватска. Штом земјата ги исполни условите на Судот за воени злосторства во поранешна Југославија, тоа значи, штом ги предаде сите воени злосторници по кои се трага, Вие ќе притискате за брз прием.

Понатаму сакате засилена примена на инструментот за европска политика за соседство, за потесно да ги поврзете соседните земји кон ЕУ. Истото важи за Србија.

Примената на оваа политика за Вас е важна, особено во поглед на Средоземјето и Северна Африка, бидејќи имате извесни грижи дека интересот на ЕУ со проширувањето ќе биде поместено кон исток и јужните соседи ќе бидат запоставени. За да се спречи ова, потребно е да се споите со другите средноземноморски земји во ЕУ.

И кон пристапувањето на Турција воопшто не сте поставени одбивно, бидејќи со приемот на земјата би се зајакнала позицијата на јужните држави и земјите од Средоземјето во ЕУ.

Покрај тоа, Вие негувате традиционално блиски односи со Велика Британија, па затоа се обидувате да изработите заедничка позиција. Конечно, треба да имате предвид дека како најмала земја во ЕУ стравувате од губење на Вашето влијание во системот на одлучување.

Пред проширувањето притискајте во насока на тоа малите држави да останат соодветно застапени и да не го изгубат влијанието.

## Холандија (Nederland)

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Амстердам |
| **Седиште на влада:** | Хаг |
| **Државно уредување:** | парламентарна монархија |
| **Површина:** | 41 526 км² |
| **Жители:** | 16 340 000 |
| **БДП според паритет на куповна моќ / жител:** | 43 050 УСД |
| **Стапка на раст:** | 2,9% |
| **Стапка на невработеност:** | 3,2% |
| **Јазици:** | холандски, фризиски (регионално) |
| **Религии:** | 30% католици, 20% протестанти, над 40% без религиозна припадност |
| **Етнички групи:** | 97% Холанѓани |
| **Пристапување во ЕЗ/ЕУ:** | членка-основач |
| **Шеф на држава:** | Кралицата Беатрикс |
| **Премиер:** | Јан Петер Балкененде |
| **Други информации:** | www.niederlandeweb.de |

www.weltalmanach.de (2009)

Вие сте претставник на Холандија во Советот на Европската унија. Како членка-основач на ЕЕЗ, Вашата земја веќе содејствуваше во одлуките за бројни рунди на проширување. Кратко по последното проширување кон исток, Холандија е повторно конфронтирана со нови барања за пристапување од земји од источна и југоисточна Европа.

**Холандија во ЕУ**

Со оглед на својата географска местоположба и нејзината големина, Холандија традиционално негува интензивна соработка со соседните земји. Уште пред основањето на ЕЗЈЧ во 1951 година, Холандија во 1948 година се спои со Луксембург и Белгија во економската унија БЕНЕЛУКС. Од основањето на ЕЕЗ, Холандија има огромен интерес од функционален внатрешен пазар, бидејќи 75 проценти од извозните производи се извезуваат во европскиот пазар.

Но, холандската европска политика не е насочена само кон економските аспекти на интеграцијата. Оваа земја отсекогаш водела една отворена политика на интеграција и претставува поборник за тесен сојуз кон внатре, кој предвидува јакнење на позицијата на Парламентот и Комисијата како и проширување на мнозинското одлучување во Советот. Во таа смисла, за Холандија се неизбежни реформите на институциите на ЕУ, за и во иднина да се гарантира способноста за дејствување на Заедницата.

Исто така и во европската надворешна и безбедносна политика, холандската влада бара засилена соработка и поголем ангажман, но не на товар на трансатланските

односи. Односот кон САД за Холандија претставува висок надворешно-политички приоритет и не треба да биде загрозен.

Конечно, „големиот плаќач" – Холандија бара сите идни чекори во европската интеграција да бидат реализирани со подносливи трошоци, што вклучува радикална реформа на заедничката аграрна политика, која е поврзана со големи трошоци.

**Холандија и следната рунда на проширување на ЕУ**

Холандија поддржува ново проширување на ЕУ со ограничен број држави под определени услови. Во принцип се поддржува приемот на нови земји, бидејќи на тој начин се добива на пораст на стабилноста во Европа, а истовремено се создаваат економски предности, особено за извозно-ориентирани холандски компании. Но, од повеќе причини Холандија се изјаснува за внимателно преземање на следните чекори на проширување.

Актуелните проблеми на земјата со интеграцијата на доселениците како и оттаму резултирачките стравови и критичките тенденции кон странците во холандското општество мора да бидат сериозно земени предвид од страна на владата. За да не се продлабочат ваквите стравови, владата се движи по еден курс, според кој нови пристапувања се поддржуваат само по дефинирање определени безбедносни клаузули и преодни рокови, особено на полето на слободното движење на луѓето.

Влијанието од проширувањето врз институционалниот склоп мора да биде претходно јасно анализирано, а како предуслов мора да се земе натамошното продлабочување на интеграцијата, за да не се загрози способноста за одлучување на ЕУ. За неконтролнираниот прием на нови членки да не ја уништи суштината на ЕУ, Холандија најпрво се залага за брза ратификација на договорот за европскиот устав.

Друга мерка за заштита на една ЕУ способна за дејствување претставува стриктната примена на поставените политички и економски критериуми за одделните кандидати за пристапување. Така, треба да биде гарантирано дека со проширувањето нема да бидат разводнети ниту внатрешниот пазар ниту други политички области (на пример заштитата на животната средина).

Динамиката на процесот на европско обединување мора да биде задржан, поради што за Холандија е неизбежен извесен степен на диференцирана интеграција во рамките на една проширена Европска унија. Во условите за засилена соработка што се впишани во договорот – таа мора да биде отворена во секое време за земји-членки отворени за соработка и не смее да се поткопа ниту правниот поредок ниту внатрешниот пазар – владата следствено се залага за целно ориентирана употреба на овој инструмент, за да се спречи стагнација на процесот на интеграција во големата ЕУ.

Но, Холанѓаните сé повеќе стравуваат дека ќе пропаднат во сé поголемата ЕУ и ќе го изгубат влијанието. Притоа улога игра и стравот од масивни струења на имигранти и „отуѓување" на општеството. Имајќи ја предвид оваа мешавина од различни стравувања, во јуни 2005 година Холанѓаните преку референдум мнозински го одбија и Европскиот устав.

Холандската влада силно се залага за правото на самоопределба и ја поздравува независноста на Косово, а исто така бара и право за Македонија да може сама да го определи своето име.

**Тактика:**

Како претставник на Холандија, Вие сте за долгорочно проширување на ЕУ со западен Балкан и евентуално со Турција, но сакате да бидете сигурни и дека ќе бидат загарантирани кохезијата и постојаноста на Унијата. Согласно горенаведената аргументациска линија, Вие притискате за опширни институционални реформи пред да дојде до нови пристапувања.

Исто така и по однос на натрупувачките европско-скептични тенденции во населението на ЕУ, Вие ја нагласувате неопходноста од постепена интеграција на нови членки и се залагате за воведувањето безбедносни клаузули и преодни рокови, како што е слободата на луѓето. Аргументирајте дека за ново проширување е неопходна поддршката од јавноста.

Освен тоа, за Вас од голем интерес е ограничувањето на трошоците од ново проширување. Затоа барате одлучни реформи во структурата на задачите на Унијата како и општо ограничување на буџетот на ЕУ на еден процент од европската економска моќ. Ова значи забележително намалување на финансиската моќ на ЕУ.

Земјите што, според Вашето мислење, во блиска иднина имаат најмногу изгледи за пристапување, се Хрватска и Македонија, чиј процес на трансформација активно го поддржувате. Сепак, барате строга контрола на реформските напори на двете земји до непосредно пред фактичкиот прием како и договорна можност за поместување на пристапувањето во случај на дефицити.

Исто така и иднината на останатите земји од западен Балкан долгорочно ја гледате во ЕУ. Сепак, во поглед на актуелните барања за пристапување на Хрватска и особено Србија сте остар поборник на поставените политички критериуми, во кои спаѓа и неограничената соработка со Судот за воени злосторства во Хаг.

Сличен однос имате и кон Турција. Вие имате сериозни сомнежи по однос на влијанието од пристапувањето на Турција во ЕУ, но сепак сте против примена на дополнителни критериуми за пристапување за Турција, независно дали од религиозна или културна природа. Доколку Турција ги исполни политичките критериуми, нема да стоите на патот кон започнување на преговорите. Сепак, недвосмислено ставате до знаење дека преговорите се со отворен исход и мора да бидат водени без дефинирање краен датум во подолго време. Стриктната контрола на реформите во Турција за Вас претставува предуслов за разговорите.

За други земји вон Балканот и Турција во моментот не гледате конкретна перспектива за пристапување. Наместо тоа, активната и фер политика за соседство претставува добар алтернативен инструмент за неограничено проширување, за да се прошири стабилноста и демократијата и надвор од границите на ЕУ.

# Полска [Polska]

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Варшава (2,4 мил. жители) (сите бројки за 2004) |
| **Државно уредување:** | парламентарна демократија со двокоморен парламент |
| **Површина:** | 312.685 км² |
| **Жители:** | 38,129 мил. |
| **БДП според паритет на куповна моќ / жител:** | 8210 американски долари |
| **Стапка на раст:** | 6,1% |
| **Стапка на невработеност:** | 9,6% |
| **Јазици:** | полски |
| **Религии:** | католици (35 мил.), руски православни, протестанти, старокатолици, евреи |
| **Пристапување во ЕУ/ЕЗ:** | 2004 |
| **Шеф на држава:** | Лех Кажински |
| **Премиер:** | Доналд Туск |
| **Други информации:** | www.botschaft-polen.de |

www.weltalmanach.de (2009)

Вие сте претставник на Република Полска. Вашата земја, заедно со девет други земји пристапи во Европската унија на 1 мај 2004 година. Сега, како полноправна членка на ЕУ, Вашата земја е конфронтирана со барањата за пристапување на други земји.

## Полска во ЕУ

Додека полскиот народ гледаше скептично и со очекување кон пристапувањето на својата земја во ЕУ во мај 2004 година, во меѓувреме преовладува сознанието дека Полска во целина профитира од членството во ЕУ. Ова особено важи во доменот на субвенционираното земјоделство и извозната економија. Во рамките на преговорите за европскиот устав, Полска се презентираше како самоуверена членка, која се залага за задржување на своето влијание во институциите на ЕУ. Во секојдневната содржинска работа на ЕУ, Полска особено се ангажира во политиката за соседството, во натамошното развивање на лисабонската стратегија и во европската безбедносна и одбрамбена политика. Последното треба да биде конципирано како дополнение, а не како конкуренција на НАТО. Добрите односи со САД се мошне важни за оваа земја. Освен тоа, Полска е силен заговорник за продолжување на политиката на проширување.

## Полска и следното проширување

Иако Полска е мошне млада членка, оваа земја, преку својата специфична географска положба меѓу Истокот и Западот како и преку своите културни и историски врски со источните соседи, сака да има влијание врз политиката на идно проширување. Полска е исклучително позитивно поставена по однос на

продолжување на проширувањето и активно ги поддржува земјите што искажуваат волја за пристапување во нивните напори за прием.

Продолжувањето на процесот на проширување е во интерес на Полска и затоа што оваа земја негува интензивни економски односи со источна и југоисточна Европа, па затоа се надева на економски предности од приемот на овие земји во ЕУ.

Во случај на нови проширувања за Полска е важно да ги сочува своите интереси. Интерните реформи од последните 15 години, кои беа потребни за пристапувањето во ЕУ, го мобилизираа народот, меѓу другото, со посакуваниот прием во ЕУ. Откако Полска сега ја исполни оваа цел, земјата, како примател на нето-субвенции, сака да ги искористи оттаму произлезените можности за процесот на модернизација и надоместување на заостанатото. Затоа не е во интерес на Полска да финансира нови рунди на проширување со кратења на сопствените субвенции од ЕУ. Овие средства треба колку што е можно повеќе да бидат преземени од финансиски посолидно стоечките членки.

Како средно голема земја, Полска не сака да го загуби своето влијание врз политиката на ЕУ. Полска се чувствува како важен партнер во ЕУ, не само поради својот голем број на жители, туку пред сé, поради својот историски придонес кон обединувањето на континентот. Оваа земја, како природен посредник меѓу Истокот и Западот, е од големо значење за ЕУ. Идните проширувања не треба да доведат до намалување на политичката тежина на Полска во институциите на ЕУ.

Историска поврзаност постои со земјите Украина и Белорусија, бидејќи западниот дел од Украина и Белорусија, до трите поделби на крајот од 18 век, долго време претставувал составен дел од полската држава. Оттаму се развиле блиски културни врски, кои оставиле свои траги до денес и ја јакнат тежината на Полска како посредник меѓу овие држави и ЕУ. Бидејќи пристапувањето на Белорусија и Украина не може да биде протуркано кај другите членки на ЕУ во блиска иднина, Полска се залага за проширување на политиката на соседство со овие земји. И од економска гледна точка Полска не е заинтересирана за тоа, нејзините источни граници и надворешни граници на ЕУ да станат остра линија на делба. Економските односи и граничната трговија треба да бидат одржувани, бидејќи од тоа зависат важен број работни места.

**Тактика:**

Вие сте претставник на Полска. Во тоа својство особено го нагласувате значењето на Вашата земја како природен посредник меѓу Истокот и Западот. Во поглед на идното постапување при проширувањето го следите мотото: „вчера Бугарија, денес Хрватска и Турција, утре Украина", тоа значи процесот на проширување сакате консеквентно да го туркате напред.

За Хрватска се заложувате под претпоставка земјата доволно да соработува со Судот за воени злосторства во Хаг. И Турција долгорочно ја гледате во ЕУ. Вклучувањето на земјата во европските структури претставува елементарен фактор на стабилност за целиот регион. Перспективата на пристапување уште повеќе ќе го забрза процесот на интерни реформи во Турција, иако знаете дека оваа земја треба да направи уште многу, особено во областа на правата на жените и заштитата на малцинствата. Барајте од Турција засилени реформски напори, а за возврат понудете активна поддршка на барањето за пристапување во Советот на ЕУ.

Приемот на други земји-кандидати во ЕУ за Вас доаѓа предвид само ако на крајот на преговорите се исполнети сите критериуми.

Меѓународно-правното признавање на Косово беше направено и од страна на Полска, иако во внатрешната политика на Полска постоеше големо содржинско соочување дали може да се дозволи ЕУ да се меша во внатрешните работи на Србија и да го доведе во прашање териториjалниот интегритет. Но, стравот дека и полската држава би можела да пропадне, го дели само еден мал дел од полското население.

Како нето-прималел Вие не сте заинтересирани за кратење на структурните фондови и аграрните субвенции за Вашата земја како последица на нови пристапувања во ЕУ. Се надевате дека токму со тие средства ќе можете да го забрзате процесот на модернизација и надоместување на заостанатото и затоа не сте подготвени да се откажете од тоа. Трошоците што се појавуваат со проширувањето треба да бидат преземени од подобро стоечките држави во ЕУ, а не од сиромашните преку кратења на средствата. За оваа стратегија со голема сигурност можете да ги придобиете сите нови членки од средна и источна Европа и да ги поврзувате интересите како најголема држава меѓу нив. Потенцијални сојузници би можеле да бидат и други нето-приматели во аграрот. Тука спаѓаат Франција, Шпанија, Португалија, Грција и други.

Освен тоа, другите проширувања не треба да доведат до губење на Вашата тежина во гремиумите на ЕУ. Заедно со Шпанија, која има исто толку жители како и Полска, Вие се сфаќате како средно голема, но и влијателна земја во ЕУ. Затоа сакате да ги оневозможите сите обиди за поврзување на следните проширувања со реформи на институциите, кои би можеле да ја намалат Вашата улога. Не смее да дојде до тоа, четирите големи нации – Велика Британија, Франција, Германија и Италија, заедно да можат да ги надгласаат средно-големите и малите држави.

По ова прашање можете да се надевате на голема согласност од голем број земји-членки.

## Португалија (República Portuguesa)

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Лисабон |
| **Државно уредување:** | република |
| **Површина:** | 92.345 км² |
| **Жители:** | 10.589.000 |
| **БДП според паритет на куповна моќ / жител:** | 17.850 УСД |
| **Стапка на раст:** | 1,3% |
| **Стапка на невработеност:** | 8,0% |
| **Јазици:** | португалски |
| **Религии:** | 89% католици, протестантски, муслимански и еврејски малцинства |
| **Етнички групи:** | 97,8% Португалци |
| **Пристапување во ЕЗ/ЕУ:** | 1986 |
| **Шеф на држава:** | Анибал Кавакол Силва |
| **Премиер:** | Луис Амадо |
| **Други информации:** | www.botschaftportugal.de |

www.weltalmanach.de (2009)

Вие сте претставник на Португалија во Советот на Европската унија. Во 1986 година Вашата земја пристапи во ЕУ. Кратко по последната рунда на проширување во 2004 година, Вие повторно сте конфронтирани со барањата за пристапување на други кандидати.

### Португалија во ЕУ

Уште во 1977 година Португалија, една од најстарите европски национални држави, го поднесе барањето за зачленување во ЕУ. Пристапувањето на оваа земја во ЕУ дури во 1986 година се должи на фактот што приемот на Португалија беше врзан за приемот на Шпанија, а преговорите меѓу ЕУ и Шпанија траеја подолго од предвиденото.

Зачленувањето во ЕУ и помогна на Португалија во брзата изградба на демократски структури во земјата, која страдаше под диктатурата на Салазар и немирите што следеа потоа. Преку бројни политички и економски реформи и благодарение на значителната структурна помош од ЕУ, Португалија успеа да направи консолидација на својата економија од своето пристапување во ЕУ, иако сé уште постои потреба од надоместување на заостанатото, но исто така постојат и неколку разлики меѓу руралните и градските региони.

Во првите години од членството ЕУ, Португалија честопати беше мошне скептично набљудувана и и беше припишувана одговорноста за негативните последици во аграрната трговија, како и за растечката невработеност. На преден план во дебатата за европската политика честопати се појавуваа внатрешно-политички потешкотии. Но, годините на членството на Португалија во ЕУ доведоа до посилна ориентација во

насока на Европа. Претседателството со Советот во 2000, воведувањето на еврото и именувањето на поранешниот премиер Хозе Мануел Баросо за претседател на Комисијата дополнително го зајакнуваат ваквиот развој. Сепак, и трансатланските односи добиваат висок приоритет во португалската политика.

Освен тоа, Португалија одржува добри односи со Шпанија, која, меѓу другото, исто како и Германија игра голема улога за земјата од економска гледна точка. Блиски односи постојат со Велика Британија и Франција, земја, во која живее најголем дел од Португалците во странство. Со оглед на својата географска местоположба Португалија одржува добри односи и со африканските земји како на пример Мароко.

## Португалија и проширувањето

Португалија гледа на процесот на проширување како на еден предуслов за целокупната европска стабилност и напредок, но истовремено Португалија не се сфаќа како мотор на проширувањето. Исто така прашањето за соработка со сите средоземноморски земји, вклучувајќи ги оние од Северна Африка, за Португалија е од особено значење.

Исто како што ЕУ за Португалија своевремено претставуваше клуч за економската и политичката стабилност, оваа земја во принцип денес им ги дава истите права на новите демократии од Балканот. Од искуството дека сопственото пристапување во ЕУ беше врзано за пристапувањето на Шпанија, што доведе до непријатни одолговлекувања, Португалија денес се изјаснува за флексибилно пристапување на актуелните земји-кандидати за пристапување, зависно од напредокот во секоја земја одделно, така што да можат да пристапат во ЕУ, без да мораат да чекаат на оние што заостануваат.

Проширувањето не смее да го отежне саканото проширување на Европската унија во политичка унија. Моментниот *acquis communautaire* мора да биде целосно задржан и да се спречи „разводнување" само во една слободна трговска зона. За португалската влада се чини дека е поважно откажување од пристапувањето отколку загрозување на придобивките на 27 земји-членки. Португалија стравува дека со идно проширување кон исток ќе исчезне интересот на ЕУ за средоземноморскиот регион, а плаќањата за поддршка повеќе ќе течат во насока кон исток. Земјата сака да го спречи ова во секој случај, бидејќи се подразбира дека Португалија и понатаму е заинтересирана да профитира од структурните фондови на ЕУ и со проширувањето да не изгуби премногу на „тежина" во однос на европските институции.

Но, бидејќи Португалија се изјаснува против „краткорочен егоизам", таа е подготвена за склучување компромиси, без притоа целосно да ги запостави своите интереси.

Португалија доцна се одлучи за признавање на независноста на Косово. Одлуката на Португалија за признавање на Косово се смета за придонес кон стабилноста на Балканот. Тука Португалија излезе од сенката на својот сосед Шпанија. Шпанија, пак, одбива да го признае Косово.

**Тактика:**

Вие сте претставник на Португалија. Во оваа функција Вие бевте заговорник за последното проширување кон исток и во принцип сте за долгорочен прием на кандидатите за членство. Не сакате да ги блокирате одлуките што се неопходни за таа цел, но укажувате на тоа дека ЕУ не смее да се проширува по секоја цена. Затоа покажете ја Вашата убеденост за вредности како што се солидарност, еднаквост и слобода, кои треба да важат и за политиката на проширување.

Но, не заборавајте ги ниту Вашите витални интереси: Вие и понатаму сакате да добивате исплати за помош од ЕУ, тоа значи дека проширувањето мора да биде финансирано со зголемување на европскиот буџет. Обидете се да склучите сојуз со други земји-членки од југот, кои имаат слични интереси, за на тој начин да обезбедите проток на други субвенции од структурните фондови. Исто така, и за европската средоземноморска политика со сигурност ќе најдете поддршка кај Вашите јужни соседи.

Освен тоа, се борите за континуирано продлабочување на политичката интеграција на Унијата. Но, таа може да успее заедно со проширувањето само доколку европските институции бидат реформирани и се поспособни за дејствување. Затоа укажете на тоа дека само една стабилна Европа од 25 членки може да биде стабилна Европа за нови земји-членки.

Доколку се обезбедени Вашите елементарни интереси, можете да се согласите за проширувањето како јасен и активен поборник. Трагајте и по билатерални контакти со земјите што покажуваат волја за пристапување и покажете ја Вашата подготвеност за соработка.

Вие го поддржувате пристапувањето на Турција во ЕУ. Според Вас, Европа не треба да се подразбира само како еден „христијански сојуз“. Вие не можете да ги разберете културните и религиозните аргументи против пристапувањето на Турција.

Обидете се да воспоставите однос со Турција и со други земји-членки и да се залагате за пристапувањето на Турција кон Европската унија.

## Шведска (Sverige)

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Стокхолм |
| **Државно уредување:** | конституционална монархија |
| **Површина:** | 449.364 км² |
| **Жители:** | 9.084.000 |
| | |
| **БДП според паритет на куповна моќ/жител:** | 43.530 УСД |
| **Стапка на раст:** | 4,2% |
| **Стапка на невработеност:** | 6,2% |
| | |
| **Јазици:** | шведски, фински, самиски, англиски и германски |
| **Религии:** | 77% евангелско-лутеранска државна црква, 1,4% муслимани, 0,9% католици |
| **Етнички групи:** | 92,2% Швеѓани, речиси 3% Финци и 20 000 Самици |
| **Пристапување во ЕЗ/ЕУ:** | 1995 |
| | |
| **Шеф на држава:** | Крал Карл Густав XVI. |
| **Премиер:** | Фредерик Рајнфелт |
| | |
| **Други информации:** | www.schweden.org |

www.weltalmanach.de (2009)

Вие сте претставник на Шведска во Советот на Европската унија. Вашата земја е членка на ЕУ од 1995 година. Откако бевте вклучени во преговорите за последната рунда на големо проширување кон исток, која резултираше со пристапувањето на 12 нови земји-членки, сега сте повторно конфронтирани со барањето за пристапување на нови земји од источна и југоисточна Европа.

### Шведска во ЕУ

Историски гледано, од раниот 19 век Шведска беше земја што во основа се држеше настрана од политичкиот развој на европско тло. Преку својата долгогодишна „политика на неутралност" оваа земја имаше долг период на мир, кој придонесе и до сфаќањето дека вклучувањето на Шведска во Европската унија всушност не е неопходно. Во очите на шведскиот народ „Европа" треба да биде само еден континент на слободна трговија меѓу суверени држави. Интензивната заедничка политика со директните соседни држави беше воспоставена уште од 1952 година во Нордискиот совет, каде беа постигнати опипливи практични предности (на пример во сферата на заедничкиот пазар на труд).

Сепак, Договорот од Мастрихт (1993), големиот пресврт во средна и источна Европа како и сé потесните трговски односи меѓу Шведска и ЕУ доведоа до пренасочување на шведската политика кон Европа. На 1 јануари 1995 година Шведска пристапи кон Европската унија. Два референдума од 2003 и 2006 година за пристапување кон Економската и монетарната унија беа со негативен исход, така што земјата не сакаше да го воведе еврото. Со ова се покажува дека шведскиот народ не се откажал целосно од, досега мошне критичкиот, став кон ЕУ.

Шведскиот интерес за членството во ЕУ во прв ред се води од користењето на слободниот пристап до меѓународни пазари, за на тој начин да се создаде основата за економски раст, работа и благосостојба. Освен тоа, Швеѓаните се мошне горди на придобивките од својот социјален модел, стандардите во заштитата на животната средина и транспарентниот стил на управување на земјата. Сево ова не треба да биде загрозено од европската политика. Оттаму тежишта на шведската европска политика се политиката на вработувања и раст, рамноправноста на мажот и жената, заштитата на животната средина и потрошувачите како и транспарентност, демократска легитимација и блискост на европските институции до граѓаните.

**Шведска и следната рунда на проширување**

Најважната цел што ја поврзува Шведска со последното проширување, имено историската можност за приемот на балтичките земји и трговските партнери во ЕУ, од 1 мај 2004 година е исполнета. И покрај извесни сомнежи, Шведска јасно го поддржуваше целокупниот процес на последното проширување, а и сега е со отворен став за продолжување на политиката на активно проширување. Главен аргумент е фактот што привлечната сила на ЕУ предизвикува значаен демократски, економски и социјален напредок во земјите-кандидати. Ова, пак, се одразува позитивно врз безбедносната состојба на Шведска во цела Европа.

Освен тоа, од историски и географски причини на Шведска и е важна тесната соработка со Русија. Од приемот на други земји од источна Европа владата истовремено очекува и импулс за односите ЕУ – Русија.

На сета поддршка во процесот на проширување со земјите од западен Балкан и Турција, шведската влада е поборник на мошне строгата примена на критериумите од Копенхаген како услов за пристапување. Тие треба да бидат мерило за тоа дали една земја е способна за пристсапување или не. Притоа од особена важност за Шведска е зачувувањето на социјалните и еколошките стандарди во земјите-пристапнички, за преку проширувањето да се застане пред загрозувањето на шведскиот социјален дел.

Во последните години Шведска засилено се ангажира во регионот на западен Балкан и јасно се гледа како адвокат на земјите од поранешна Југославија. За шведската влада беше нормално признавањето на независноста на Косово само неколку дена по нејзиното објавување. Шведска гледаше на активностите на Обединетите нации веќе како подготовка за подоцнежна независност. Истовремено, Шведска е мошне заинтересирана за брзо нормализирање на односот меѓу Косово и Србија.

Исто така, шведската влада го употребува уставното име „Македонија" и, на незадоволство на колегите од Грција, не ја употребува официјалната ознака на Обединетите нации. Шведска го застапува ставот дека Република Македонија има право на самоопределување по однос на своето уставно име.

Шведска има развиено национална стратегија за сите држави од западен Балкан и Турција, за да им помогне при изградбата на економијата, правниот систем и судството.

Заедно со Франција, Шведска се залагаше за безвизно патување во Шенген-земјите. Сепак, ваквата слобода сé уште не е спроведена. Грција е особено против

укинување на визната слобода за граѓаните на Република Македонија, сé додека спорот со името не биде решен.

Како голем плаќач во Унијата, Шведска стравува дека ќе мора да сноси натпропорционален дел од трошоците на проширувањето, па затоа се пулсира во насока на јасно разграничување на рамката на финансирање, пред да може да дојде до нови пристапувања.

**Тактика:**

Како претставник на Шведска, Вие во основа го поддржувате приемот на нови членки во ЕУ. Сепак, во поглед на загриженоста на Вашиот критички настроен народ кон ЕУ, Вашата согласност ја врзувате за одредени услови. Најв226но за Вас е кандидатите за пристапување да го гарантираат исполнувањето на критериумите од Копенхаген и почитувањето на социјалните и еколошките стандарди како и јасно да ги покажат своите напори. Аргументирајте дека проширувањето, кое го поддржувате и го туркате напред, не смее да биде реализирано така што би се поткопал европскиот и особено шведскиот социјален систем.

Исто така, мора да биде загарантирано дека транспарентноста и демократскиот легитимитет на системот на европското одлучување ќе се зачуваат и понатаму ќе биде зајакнати по проширувањето. Конечно, во кругот на сегашните членки барате договорно ограничување на трошоците за проширување и реформи на европската аграрна политика, која е поврзана со големи трошоци, пред приемот на нови членки со јасни аграрни обележја.

На Балканот гледате јасна поврзаност меѓу европската перспектива и забрзување на процесот на стабилизација и асоцијација. Вие се заземате за подготвување на нивната интеграција во западните структури паралелно со мерките за стабилизација на регионот. Ова не мора да се случи со пристапување кон ЕУ, туку може да биде и во форма на специјални партнерства. Неизбежен предуслов сепак е апсолутната подготвеност на овие земји за исполнување на критериумите на ЕУ.

Секако, Турција ја мерите со истите мерила како и другите кандидати: ако земјата ги исполнува критериумите и следствено на тоа напредува во реформскиот процес, тогаш Вие сте за започнување на преговорите за пристапување. Со ваквото одобрување особено очекувате позитивен знак и поттик за спроведување на одлучените реформи. Но, ставете и јасно до знаење на Турција дека е потребно да бидат надминати уште многу проблеми пред самото пристапување, пред сé прашањето за човековите права, правата на жените, укинувањето на мачењето и состојбата со Курдите.

Иако во спорот со името со Грција особено ја разбирате позицијата на Македонија, обидете се да посредувате меѓу двете земји, бидејќи само со компромис меѓу нив може да се постигне потребната согласност на Грција за интеграција на Македонија во ЕУ.

Сéвкупно, при дефинирањето на Вашата преговарачка стратегија морате да мислите на тоа дека сте упатени на поддршка и соработка со други земји, па затоа треба да бидете подготвени за компромис. Најпрво одмерете кои држави имаат слични интереси со Вашите и обидете се да постапувате заеднички.

## Словенија [Slovenija]

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Љубљана (246.000 жители) |
| **Државно уредување:** | република, параламентарна демократија |
| **Површина:** | 20.253 км² |
| **Жители:** | 2,007 мил. |
| **БДП според паритет на куповна моќ / жител:** | 18.660 УСД |
| **Стапка на раст:** | 5,2% |
| **Стапка на невработеност:** | 4,9% |
| **Јазици:** | словенски |
| **Религии:** | според проценки католици 57,8%, православни цркви 2,3%, муслимани 2,4%, протестанти 0,9% |
| **Етнички групи:** | Словенци 83,6%, Автохтони малцинства: Унгарци 6.243, Италијанци 2.258, други групи: Хрвати 35.642, Срби/Црногорци 38.964/2667, Босанци 21.542, Македонци 3.972, Албанци 6.186, Роми 3.246, германски говорители 680. |
| **Пристапување во ЕУ:** | 1 мај 2004 |
| **Претседател:** | д-р Данило Тирк |
| **Премиер:** | Борут Панор |
| **Други информации:** | vdm@mzz.dkp.gov.si |

www.weltalmanach.de (2009)

Вие сте делегат на Словенија во Советот на Европската унија. Вашата земја е дел од Европската унија од 1 мај 2004 година и сега учествува во одлуката за следните рунди на проширување на ЕУ.

### Словенија во ЕУ

Насочувањето на Словенија кон Западна Европа беше поддржано уште од независноста од сите меродавни општествени групи во земјата. Словенија беше уште рано членка на различни меѓународни организации, на пример ООН, Европскиот совет, Светската банка, Работната заедница „Алпи-Јадран" и на Централно-европската иницијатива (собир на различни држави од средна Европа).

Припадноста во Европа и стремежот за вклучување во евроатланските структури од почетокот на независноста спаѓа во темелните насоки на словенечката надворешна политика. Оттаму земјата ги започна преговорите за пристапување во Европската унија во ноември 1998 година, заедно со Полска, Унгарија, Република Чешка, Естонија и Кипар. Овие преговори завршија успешно на Самитот во Копенхаген во декември 2002 година. Преку референдумот од 23 март 2003 година словенечкиот народ со мошне јасно мнозинство од речиси 90 проценти ја даде својата согласност

за пристапување кон Европската унија. Со членството Словенија успеа да ги подобри и своите претходно обременети односи со Италија.

Како тежиште на својата европска политика Словенија ги става односите на заедницата со државите од западен Балкан. Од таа перспектива земјата им припишува особено значење на претстојните преговори со новите кандидати за пристапување.

**Позицијата на Словенија во актуелната рунда на проширување**

Словенија смета дека процесот на проширување на Европската унија сé уште не е завршен со приемот на десетте нови членки на 1 мај 2004 и со проширувањето со Бугарија и Романија, туку бара продолжување на опциите за проширување за земји што сé уште не се членки, а искажуваат волја за тоа. Продолжувањето на проширувањето се смета како гаранција за добросостојбата и трајната стабилизација на целиот континент.

Сосем според логиката на овој позитивен тренд на проширување, словенечката влада има отворен став и кон започнувањето на преговорите за пристапување со Турција.

Сепак, јасниот главен интерес на Словенија во претстојните рунди на проширување се наоѓа на западниот Балкан. Ангажманот за овој регион е условен како географски така и историски. Преку непосредната близина на кризното жариште на земјите од Балканот до словенечката граница, секоја нестабилност во регионот претставува опасност и за Словенија. Така, постои стравување дека по повлекувањето на ЕУФОР-трупите повторно би можеле да започнат оружени судири меѓу конфликтните страни. И покрај сите напори на Словенија да се огради од регионите со немири, таа како една од републиките во поранешна Југославија сепак е тесно поврзана со овој регион. Фактот што земјата како прва и досега единствена од овие земји успеа да биде примена во ЕУ значи и извесна одговорност за натамошниот развој на земјите од Балканот и нивно приближување кон ЕУ. Ваквата одговорност за своето непосредно соседство Словенија ја покажува веќе сега со своето активно учество во Пактот за стабилност за Балканот, поддршката на политичката соработка на билатерален план како и со проширувањето на економските односи. Бидејќи односите на традиционалните регионални пазари на Словенија се стабилизираа, дојде до брзо ширење на трговијата со соседните земји, особено со Хрватска. Во таквиот развој, а по завршувањето на ерата на Туѓман, дојде до јасно подобрување на, делумно проблематичниот, однос кон соседот Хрватска, иако старите гранични спорови одвреме-навреме повторно пламнуваат. Во целина Словенија денес се залага за брз прием на Хрватска во ЕУ.

Најважна тема за Вас, сепак, ќе биде средената независност на Косово и приближувањето на Србија и останатите земји од Балканот кон ЕУ.

„Ние во Словенија веруваме дека е крајно време за крај на југословенската криза", тоа е Вашата девиза. Кризата започна во 1991 година со нападот на тогашниот претседател Слободан Милошевиќ на Словенија. Сега решението може да биде само вклучувањето на западниот Балкан во Европската унија и проширувањето на ЕУ, како што беше заклучено при една средба во Солун, Грција, во 2003 година. Во Солун, ЕУ цврсто им го потврди приемот во ЕУ на сите држави од Балканот.
Словенечката влада е уверена дека ќе биде можно да се спречи поделеноста на ЕУ по прашањето за признавање на независноста на Косово како и да се реализира негово меѓународно признавање како држава од страна на сите 27 членки на Унијата. Според Вас, важно е да се прифати реалноста што владее на западен Балкан. Кипар стравува дека тоа би можело да се толкува како пример за судбината

на турскиот север од оваа островска република. Но, Словенија ќе стори сé, за да убеди во тоа дека Косово претставува „сосем посебен случај".

Генерално словенечката влада следи четири тежишни теми: иднината на ЕУ, проширувањето и политиката за соседство (предност: Косово и западен Балкан), климатската заштита и енергијата како и дијалогот меѓу културите.

**Тактика:**
Како претставник на малата членка Словенија Вие сте поборник за продолжување на праксата на европско проширување, што според Ваше мислење не само на новите кандидати, туку и на сегашната ЕУ ќе и значи повеќе мир, стабилност и слобода.

Географски гледано, стабилизацијата за целокупниот Балкан за Вас има апсолутен приоритет. Аргументирајте дека континуираното постоење на конфликтно и кризно жариште непосредно пред вратите на ЕУ претставува закана за нејзините членки не само по нивната безбедност и слобода, туку и по веродостојноста на ЕУ како меѓународен актер. Бидејќи искуството покажа дека отворањето европска перспектива дава огромна мотивација во реформските и мировните напори на кандидатите за зачленување, залагајте се за активна поддршка на приближувањето на Балканот кон ЕУ. Во тој контекст апелирајте за одговорност на ЕУ кон нејзиното непосредно соседство и потсетете на европската цел за мирно ширење на вредностите и нормите на демократија и мир.

За Вас тоа конкретно значи дека пристапувањето на најнапредната земја Хрватска треба да се случи што побрзо, со што ќе се испрати сигнал и до останатите земји од Балканот. Долгорочно се заложувате за проширување на ЕУ со сите држави од западен Балкан што покажуваат волја за пристапување и уште отсега барате донесување каталог со критериуми за приемот на овие земји.

Како претставник на една мала земја треба да се обидете да ја добиете поддршката за Вашата позиција од другите членки. Други мали земји би можеле да имаат слични интереси како Вашите. Освен тоа, можете да се обидете да ја придобиете Германија, која веќе одигра водечка улога при признавањето на Словенија и Хрватска по распадот на Југославија, за брзо пристапување на Хрватска.

Словенија беше првата земја од Балканот што ја призна независноста на Косово. Вие се залагате за брзо признавање на Косово од сите земји на ЕУ, а барате и разговори за пристапување на земјата во ЕУ.

Иако во 1991 година страдавте од нападите од Србија, која сакаше да спречи независност на Словенија, исто така се залагате и за пристапувањето на една модерна и реформирана Србија. Сепак, Србија мора да го прифати постоењето на независно Косово.

Со Република Македонија ве врзува тесно пријателство. Секако, Вие ја признавте Република Македонија под нејзиното уставно име и истото го барате и од сите други држави на ЕУ. Во поглед на економската состојба во Романија и Бугарија, пристапувањето на Република Македонија според Вас е веќе „презреано". Според Вас, Република Македонија, исто како и Вашите земји-соседи, веќе одамна ги исполнува сите предуслови за пристапување.

Покрај Вашиот ангажман на европско ниво, според Вашето сфаќање како посредник, Вие барате и контакт со кандидатите за пристапување. Понудете подготвеност за споделување на Вашето искуство на патот кон европската интеграција и бидете на располагање со совет и на дело. Ваквата понуда не важи само за Хрватска, туку и за Турција, чие пристапување исто така го поддржувате, иако Вашата концентрација е насочена кон Вашето директно соседство.

# Велика Британија и Северна Ирска (Great Britain)

| | |
|---|---|
| **Главен град:** | Лондон (7,3 мил. жители) (бројки за 2004) |
| **Државно уредување:** | парламентарна монархија со двокоморен систем |
| **Површина:** | 242.900 км² |
| **Жители:** | 60,950 мил. (2003) |
| | |
| **БДП / жител:** | 37.740 УСД |
| **Стапка на раст:** | 2,8% |
| **Стапка на невработеност:** | 5,3% |
| | |
| **Јазици:** | англиски (службен јазик), освен тоа: ирско-галски, шкотски, шкотско-галски, велшки |
| **Религии:** | англикани 57%, други протестанти 15%, Католици 13%, муслимани 2% |
| **Етнички групи:** | 81,5% Англичани; 9,6% Шкоти; 2,4% Ирци; 1,9% Велшани; 1,8% Улстери; 2,8% Индијци, Пакистанци и др. |
| | |
| **Пристапување во ЕЗ/ЕУ:** | 1973 |
| | |
| **Шеф на држава:** | Кралица Елизабета II |
| **Премиер:** | Гордон Браун |
| | |
| **Други информации:** | www.britischebotschaft.de |

www.weltalmanach.de (2009)

Вие сте претставник на Велика Британија. Во оваа функција кратко по последното проширување за вкупно дванаесете нови земји-членки од средна и источна Европа повторно се наоѓате конфронтирани со одлуката за нови барања за пристапување во ЕУ.

**Велика Британија во ЕУ**

Во 1973 година Велика Британија пристапи во тогашната ЕЗ, откако по повлекувањето на францускиот претседател Де Гол од политиката и Франција се откажа од својот цврст отпор против зачленување на соседот. Француското блокирање се засноваше на стравувањето дека Обединетото кралство нема во доволна мера да се изјасни за европско единство.

Интересите на Велика Британија се навистина глобални и не се ограничени само на Европа поради нејзината поранешна улога на светска сила и нејзините односи со поранешните колонијални земји. Оттаму во минатото Велика Британија честопати негуваше двојна или изолациска политика кон ЕУ. Таа ја гледаше смислата на европската интеграција, пред сé, во економската област, додека од друга страна скептички ја оценуваше натамошната политичка интеграција, поврзано со предавањето на политичкиот суверенитет на супранационални институции на ЕУ. Иако политиката на ЕУ во меѓувреме доби приоритет за Велика Британија, постојат и други интереси, на пример главните насоки на британската надворешна политика истовремено се наоѓаат и во тесното сојузништво со САД.

Со започнувањето на ерата на владеењето на Тони Блер, Велика Британија засилено се обидува да стане водечки и сериозно сфатен партнер во ЕУ и да се залага за мирна и демократска Европа на стабилност и добросостојба. Нејзиниот позитивен ангажман се смета за најдобар пат за заштитата на националните интереси, за повторно стекнување влијание, обликување перспективна иднина заедно со земјите-членки и добивање на најдоброто за сопствената земја.

Во ЕУ, Велика Британија се залага за економски реформи, кои преку либерализација на пазарот, приватизација и социјална правда треба да помогнат во создавањето нови можности за вработување и иновации. Исто така, Велика Британија е заинтересирана и за надградување на заедничката надворешна и безбедносна политика како и на заедничката одбрамбена политика. Но, тоа би требало да се случи на меѓудржавно ниво, додека другите сојузи, пред сé НАТО, не треба да бидат поткопани.

**Велика Британија и следното проширување**

Проширувањата на Европската Унија владата на Обединетото кралство ги оценува како голема историска шанса и развојна можност како за земјите што искажуваат волја за пристапување, така и за членките на ЕУ. Исто така Велика Британија се заложи и за последните проширувања на 1 мај 2004 година и на 1 јануари 2007 година.

Велика Британија е во целина отворена и за идни проширувања на ЕУ и по прашања за проширување пропагира „фер плеј", со други зборови: секоја земја треба да биде индивидуално и објективно оценувана според своите напредоци при исполнувањето на критериумите од Копенхаген. Пред сé со пристапувањата на Балканот во ЕУ, Велика Британија се надева на стабилност и благосостојба, а со тоа и на гаранција против немири и војни, кои овој регион ги искуси во 90-ите години.

Од, воглавно стратегиски, причини Велика Британија е принципиелно и за пристапување на Турција во ЕУ. Но, според британски проценки, ќе одминат уште најмалку 20 години до фактичкото пристапување на овие земји, бидејќи таму уште долго нема да може да се исполнат политичките, економските и правните предуслови за членство.

Вие ја поздравувате независноста на Косово. Исто така упатувате на тоа дека и за приближувањето на Косово кон Европската унија важат строгите правила на критериумите од Копенхаген. Исто така, Србија не смее да биде изолирана поради својата надворешна политика во поглед на независноста на Косово.

Многу јасно, далеку појасно отколку Германија или Италија, Вие се наоѓате на страната на „Република Македонија" во туркањето за нејзино признавање под уставното име. За грчката позиција во „спорот со името" немате разбирање. Истовремено не сакате да ја изолирате Грција, бидејќи за секое ново проширување е неопходна и согласноста од Грција. Сепак, зад кулисите се обидувате да влијаете со Вашата силна позиција.

Генерално е важно дека на лабуристичката влада, со Вашата про-европска позиција, не и е секогаш лесно да поентира во внатрешната политика. Европската политика (доколку нема економски контекст) за Велика Британија има само незначителна вредност. Големи делови од населението се скептично ориентирани кон ЕУ или се незаинтересирани. Аргументите на конзервативните тори против воведувањето на Еврото и против уставот на ЕУ паѓаат на плодно тло. Така, владата мора

веродостојно да му покаже на Вашиот народ, кои се предностите од европската политика. Тоа значи дека од една страна сака да избегне зголемување на својот удел во буџетот на ЕУ, а од друга страна има предвид, да не се побуди впечаток дека во стратегиски битни области ќе го предаде државниот суверенитет на Брисел.

**Тактика:**

Како претставник на Велика Британија Вие сте прагматски насочени кон ЕУ. Во неа сé уште гледате воглавно една заедница, која на Вашата земја и носи економска корист и не сте заинтересирани за институционално продлабочување (значи на зголемување на моќта на Брисел). Внимателно позитивно сте поставени кон нови проширувања на ЕУ.

При секакви размислувања навираат и финансиски сомнежи, иако Вашето изострено дипломатско изострено чувство не го изразува тоа. Идните проширувања не би требало за вас да значат повеќе оптоварувања. Затоа барате натамошни реформи во заедничката аграрна политика, која баш и не ја сакате, како и нови приоди во регионалната политика (значи кај парите, кои ЕУ преку своите фондови ги става на располагање на посиромашните региони). Многу сте заинтересирани за преодни регулативи (како од страна на земјите со волја за пристапување како и на ЕУ), кои за вас се од финансиска предност.

Брзото пристапување на земјите од западен Балкан би го поздравиле уште од безбедносно-стратешки причини, но состојбата тука ја гледате мошне диференцирана. Не земајќи ги предвид сериозните економски проблеми, важно е пред сé етничкото помирување по војните. Сепак, во ЕУ не сакаме да увезуваме потенцијални конфликти. Според Ваше мислење, Хрватска ги има најдобрите предуслови за брзо пристапување и како кандидат за пристапување би бил важен пример во регионот. Економски гледано, земјата не стои лошо (барем во споредба со Романија), но водите грижа за политичките критериуми за пристапување, кои мораат да бидат 100 проценти исполнети. Оттаму, меѓу другото, и понатаму барате активна соработка на сите земји од западен Балкан со трибуналот за воени злосторства на ОН за поранешна Југославија.

Турција, која долго време е членка на НАТО, за Вас е партнер од големо стратешко значење. Оваа земја може да послужи како мост меѓу Истокот и Западот како и меѓу христијанската култура и Исламот и претставува важен пример за тоа дека една претежно муслиманска земја може да биде демократска. Освен тоа, Турција, економски и демографски, со своето младо население, има голем потенцијал како пазар во пораст на иднината. Се разбира, Вие не можете и не сакате да ги затворите очите пред големите проблеми. На Турција и приговарате за повреди на човековите права, слабости во имплементацијата во судските реформи и недоволна цивилна контрола на полицијата.

Укажтее исто така и на спроведените значителни драстични политички реформи во Турција од 1999 па наваму и предупредете дека без конкретна и брза перспектива за пристапување ваквите реформски напори би можеле да колабираат и исламистичките сили би можеле да стекнат доминантност. Предложете постапни преговори за пристапување со интензивна поддршка и контрола од страна на ЕУ. Ова од една страна би и дало време на Турција при спроведувањето реформи, а од друга страна би и дало можност на ЕУ, преку другите (според Ваше мислење и онака неизбежни) реформи во заедничката аграрна политика и во регионалната политика да се подготви за турското зачленување.